ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

„АРТИГО“ дооел Скопје,

1. Текстуален дел

1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период

Со предметното урбанистичко планирање се опфаќа генерален урбанистички план, со назив „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта,општина Струга“.

Планскиот период за „Измена и дополна на Генерален урбанистички планза Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта,општина Струга“ е 2021 – 2031 год., согласно член 22 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23,171/24 и 224/24).

Деталниот урбанистички план е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23,171/24 и 224/24) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23).

1.2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулационилинии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога

Планскиот опфат на „**Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга**“, се наоѓа во атарот на населено место Мороишта, северно од градот Струга односно во западниот дел на КО Мороишта, во непосредна близина на границата со КО Враниште одзападната страна, КО Драслајца од Северната страна и КО Мислешевоодјужната страна. Планскиот опфат се наоѓа во КО Мороишта и мал дел од проширувањето навлегува во КО Струга.

Планскиот опфат како дисперзирана површина на север од градот Струга се граничи на север со границата на опфатот од постојниот ГУП, скршнува и на истоксе движи по границата на опфатот на потојниот ГУП, на југ се проширува доосовината на собирниот канал оди по границата на опфатот па се проширува во однос на ГУП до осовината на Магистралната улица М3 (Дел од Р410) - нова ознака Р 1201, во правец кон север се движи по осовината на истата улица па скривнува кон исток по кракот на регионалниот пат (Дел од Р419К) – нова ознака Р2243.
Движејќи се кон север продолжува по границата на постојниот Генерален урбанистички план.

Границата со овој опис е презентирана на графичкиот прилог на оваа планска програма, со затворена полигонална линија која ги поврзува чите прекршни точки, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по x и y координати:

X=7473684.9900 Y=4561913.2524
X=7473681.0016 Y=4562027.8608
X=7473654.7068 Y=4562024.8285
X=7473648.2263 Y=4562081.0237
X=7473608.3878 Y=4562247.8894
X=7473591.5871 Y=4562336.9748
X=7473612.4475 Y=4562366.0989
X=7473646.9951 Y=4562518.4067
X=7473392.7069 Y=4562436.4834
X=7473402.3148 Y=4562296.9579
X=7473372.9705 Y=4562260.9733
X=7473298.8823 Y=4562286.7389
X=7473307.7070 Y=4562201.8274

X=7473330.0651 Y=4562067.8597
X=7473331.8899 Y=4562043.1068
X=7473332.6584 Y=4562024.6400
X=7473198.0573 Y=4562049.0700
X=7473229.1820 Y=4561982.2809
X=7473242.6667 Y=4561935.9633
X=7473242.9661 Y=4561883.2447
X=7473260.9458 Y=4561851.8049
X=7473265.7332 Y=4561808.7201
X=7473276.1277 Y=4561775.0345
X=7473289.3315 Y=4561753.9811
X=7473303.7007 Y=4561711.0915
X=7473333.9483 Y=4561657.9514
X=7473343.9699 Y=4561637.9138
X=7473343.4380 Y=4561632.8630
X=7473393.7147 Y=4561530.4758
X=7473317.2649 Y=4561615.1298

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 413638.6296 m односно 41,4 ха.

Разликата во површината на предметниот плански опфат со Измена и дополна на ГУП на Град Струга (2007-2017) година се должи на проширување на планскиот опфат во однос на постојната граница на Блок 30 и тоа во источната страна од блокот, со цел да се усогласи Генералниот урбанистички план со веќе донесен ДУП за Дел од УБ 30, Индустриска зона Мороишта 2007-2012 година (Одлука бр.07- 1930/13 од 27.12.2007 година) и во јужната страна поради порамнување на границата со осовината на постојниот собирен канал.

Разликата во површината со Планската програма одобрена за Измена идополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, со тех. бр.17-01/21, одобрена со Решение бр. 10-3317/5 од 14.09.2021 година, се јавува поради намалување на границата во односна Планската програма поради коритото на реката Црн Дрим и неговиот профил со заштитниот појас кој навлегува во планскиот опфат во западниот дел како и поради порамнување на границата соосовината напостојниот собирен канал.

Најсеверна е точката со координати
X = 7473591.5871 и Y = 4562336.9748

Најисточна е точката со координати
X=7473814.365 и Y= 4561801.678

Најзападна е точката со координати
X = 7473644.8169 и Y =4561913.2524

Најјужна е точката со координати
X = 7473684.9900 и Y = 4561913.2524

1.3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот

Развојните стратегии за **„Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта,општина Струга“**, произлегуваат од Измена и дополна на ГУП наГрад Струга“ од 2007-2017 година како и одредбите дадени во - План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион

(2020 - 2029).

Измена и дополна на ГУП на Град Струга“ од 2007-2017 година

БЛОК 30

Се наоѓа во атарот на населеното место Мороишта, северно од Струга. Се граничи на север со границата на опфатот, на исток со границата опфатот на југ со примарна сообраќајна мрежа и на запад со границата на опфатот.
На површина од 36.00 Ха, во блокот се планира група на класа на намени Г - Производство дистрибуција, Процент на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 20%. При примена на компатибилни класи на намена истите не смеат да надминат повеќе **од 30%** од основната класа нанамена.

ОПШТИ УСЛОВИ

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Струга, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Детални урбанистички планови за Урбаните блокови на градот Струга, од Б 1 до Б 30.

Тој ги определува границите на урбаните блокови главно по природните граници, сообраќајниците и водотеците.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, морада биде усогласен со Просторниот план на Р. Македонија.

За предметниот плански опфат се издадени Услови за планирање на просторот, со тех.бр. S13118и од ноември 2018 година, со Решение за услови за планирање издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање, бр.УП1-15 1558/2018 од 27.11.02018 година и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23,171/24 и 224/24) и согласно член 42, став (5) претходно се издадени Услови за планирање за овој плански опфат и иститесе во важност.

Поради флексибилност во користењето на просторот и можноста за користење на дел од станбените како туристички капацитети (непостојан дел на жители) Бројот на жители по блокови е пресметан со коефициент 1,25.

Во Класата на намена Д2 може да се предвидуваат само излези на сообраќајници.

Во Класите на намена Д1 и Д2 не смеат да се изведуваат објекти на Бензински пумпни станици дадени во прилогот сообраќај како Зоните на бензински пумпи.

Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 134 од Правилникот. Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) се поклопува со граница на градежна парцела.

Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнста на архитектот.
Во градежните парцели во кои се планираат повеќе објекти, габаритите на објектите, ќе се дефинираат со изработка на архитектонско- урбанистички проекти по претходно дефинирана

проектна програма а во границите на планираната површина за градба.

Други услови: Висините на градбите, процентите на изграденост и коефициентите на искористеност да се во согласност Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и проектирање на објекти (78/2006).

Вкупна површина на планскиот опфат на Град Струга е 513,42 ха. Вкупна планирана површина за домување изнесува 218.0 Ха или 42.30 % од вкупната површина на опфатот на градот.

Вкупно планиран број на жители во 2016 година изнесува 19390ж. Бруто густината на домување - вкупниот простор на населбата 19390 жители / 513.42 Ха - 37.80 жители на ха.

Нето густина на домување - простор ангажиран за домување19390 жители / 218.0 Ха = 90.00 жители / ха.

Нето густината на домување во станбените комплекси е релативно еластична и е во зависност од големината на градот и просторот ангажиран за домување, а се движи од 100 до 500 жители на хектар или просечната густина од 200 жители на хектар.

Во табеларен приказ се дадени површините на наменска употреба на земјиштето во Блок 30.

	KLASA NA NAMENA	A	B	V	G	D	VKUPNO PO KLASA	PROCENT
BLOK30	A						0,00	0,00%
	B						0,00	0,00%
	V						0,00	0,00%
	G				392595,15		392595,15	100,00%
	D						0,00	0,00%
	SOOBRAKAJ						0,00	0,00%
	REKA						0,00	0,00%
	VKUPNO	0,00	0,00	0,00	392595,15	0,00	392595,15	100,00%

BLOK	POVR[I NA
30.G	71373,41
30.G	64315,38
30.G2	187017,35
30.G2	69889,02
VKUPNO	392595,15

Втора заштитна зона

Во втората заштитна зона се применуваат мерки кои подразбираат зачувување на состојбата на природата во тие живеалишта каде е започнато антропогеното влијание со цел тоа да се намали/минимизира. Вотаа насока, оваа зона е поделена на подзони: II-а и II-б. II-а зоната ги опфаќа рипариските живеалишта надвор од урбаните опфати чија функцијае и да бидат заштита од влијанијата врз квалитетот на водата во сливот наОхридското Езеро. II-б заштитната зона ќе се протега условно на просторитешто се наоѓаат надвор од урбаните опфати и не смее да се зафатат со урбанизација. Во Втората заштитна зона се забрануваат активности што имаат негативно влијание врз пределот и животната средина, а ќе се воспостават исклучоци доколку треба да се реализираат проекти од државно значење. Дозволени се рекреативни активности со незначителни влијанија врз природата, кои се поддржани со наједноставна инфраструктура. Зоната на активно управување на НП „Галичица“ е дел од ова зона. За НП „Галичица“ важат зоните и мерките за заштита дефинираниво Планот за управување со НП „Галичица“.

Забранети активности во заштитната зона II:

- експлоатација на минерални ресурси;
- изградба на објекти за масовен туризам;
- интензивно земјоделство со примена на вештачко ѓубриво и пестициди;
- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена на влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство.

Мерки за заштита на културното наследство во Охридскиот Регион

Културното наследство го сочинуваат различни видови добра и нивното опкружување, сочинувајќи една целина. Тоа може да има различнивредности, во зависност од контекстот, и затоа неговиот заштитен третман може да се разликува од случај до случај. Во таа насока, целта на заштитатае да се зачува квалитетот и вредноста на културното наследство,неговата материјална содржина и да го осигура неговиот интегритет (ги вклучува поединечните градби, отворените простори и парковите, улиците, крајбрежјето, археолошките остатоци и сл.) за идните генерации. Инвазивната урбанизација на просторите во заштитеното добро се движи во насока на загрозување на вредностите поради кои регионот е впишан наЛистата на светско наследство. Мерките за заштита на културното наследство подразбираат обезбедување непосредна заштита на начин којќе ги зачува изворните историски, урбанистичкоархитектонски, уметнички иестетски вредности, односно зачувување на исклучителната универзална вредност на регионот. Во поширока смисла, мерките за заштита ќе овозможат и внесување нови содржини во рамките на регионот во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и другите дејности, но со максимално почитување на исклучителната универзална вредност. Но за да се постигнат придобивки и да се осигура дека Охридскиот Регион ќе ја зачува својата исклучителна универзална вредност, потребно е новите План за управување соСветското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 -2029) 120 развојни процеси во границите на доброто да бидат добро управувани и контролирани.

Заштитата на културно наследство во Охридскиот Регион ќе сетемели на неколку принципи:

- обезбедување реверзибилност како принцип во конзерваторско-реставраторскиот третман на наследството;
- зачувување на автентичноста (да се овозможи максимално зачувување на оригиналниот градителски материјал, да не се дозволиновите интервенции да доминираат над оригиналното ткиво, туку да се почитува неговиот потенцијал);

- во просторните планови во чиј опфат има заштитени споменички целини потребно е во најголема можна мерка да се задржи и да се ревитализира историската матрица на целината. Поради губење на просторниот идентитет, не е оправдана промената на структурата и типологијата на постојните објекти со нивно функционално поврзување во поголеми просторни целини;
- урбанистичкото планирање ќе има за цел постигнување хармонија, избегнување несакани функции и задржување на постојната големина на градбите, како и нивните функционални и културни вредности по принципот на интегрирана заштита;
- заштитата се однесува и на активности неопходни за создавање услови за опстанок на подрачјето/споменикот/локалитетот, вклучително и намалување на визуелната загрозеност;
- при планирањето на изведување нови инфраструктурни проектиили поголеми градежни активности во регионот задолжително е изготвувањето на Оценатана влијание врз културното наследство (ХИА);
- по донесувањето на урбанистички планови усогласени со овој план, изградбата на објекти или преземање мерки на непосредна заштита со кои непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитенотодобро, односно заштитеното подрачје задолжително е со пропишани заштитно-конзерваторски услови.

Од суштинско значење за локалитетите со светско наследство, препознаени по својата исклучителна универзална вредност, е да се обезбеди зачувување на нивната автентичност и културна вредност на соодветен начин. Имајќи ги предвид комплексноста и разновидноста на културното наследство, а со цел негова соодветна заштита, одржлив развој и контролирана урбанизација, во Охридскиот Регион се дефинираат неколку заштитни зони со специфични услови и мерки за зачувување:

- градски урбани центри;
- религиско наследство;
- села и крајбрежни населби;
- археолошки локалитети

Втората зона преставува простор кој содржи значајни елементи на историскатаструктура и културно наследство со различен степен на зачуваност. Преку мерките за заштита во оваа зона се заштитуваат основните елементи на планско-урбанистичката матрица и карактеристичните групиградби (амбиентални објекти), поединечно заштитените добра, пред сè, во однос на габаритот и историската содржина. На територијата од оваа зона ќе се преземаат интервенции кои се во насока на приспособување на функцијата и содржината на современите потреби, но без значајни измени на зачуваните архитектонско-естетски елементи на заштитените и амбиенталните добра.Прифатливи методи на заштита се конзервација, реконструкција, интерполација, рекомпозиција и интеграција во смисла на вклопување накултурните добра со новите структури и содржини кои произлегуваатод новите потреби. Со оглед на специфичниот историски контекст на развој, сите интервенции (земјани/градежни) се условени и со археолошки истражувања или надзор.

Во однос на катноста, во втората зона **не смеат да се градат објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од50%.**

За поединечно заштитените добра и амбиенталните градби кои се наоѓаат во втората и третата зона од градските агломерации се предвидуваат повеќе активности. Мерки на заштита во заштитните зони IIи III:

- зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечнозаштитените добра и така и на амбиенталните објекти;

зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра;

- зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санацијаисл.;
- не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на

поединечните заштитени и амбиентални добра. Новите градби во втората и третата урбана зона треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба. Новитеградби треба да имаат:

- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваатамбиентални вредности;
- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;
- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;
- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

1.4. Цели на урбанистичкиот план

Основна цел изработувањето и донесувањето на „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“ е:

- усогласувањето на конкретниот плански опфат со границата на веќе донесен ДУП за Дел од УБ 30, Индустриска зона Мороишта 2007-2012 година, (Одлука бр.07-1930/13 од 27.12.2007 година) со проширување на Блокот 30 и наменската зона со лесна индустрија во делот кон запад до коритото на реката Дрим, односно до границата на заштитна зона на реката уредена со Одлука на советот на Општина Струга.

- поделбата на Блок 30 од постојниот ГУП со граници за детално планирање,по осовината на крак од Магистралната улица М3 (Дел Р 410) – нова ознакаР 1201, заради поефикасно спроведување на планот.

- дооформување на примарната улична мрежа и комунална инфраструктура, со оглед на тоа дека сообраќајницата - крак од Магистралната улица М3 (Дел Р 410) – нова ознака Р 1201 во важечкиот ГУП нема плнски третман.

- да се дооформи евидентираниот простор со неизградено земјиште согласно важечката планска документација

- планирање на инфраструктурните водови долж новопланираните сообраќајници.

1.5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби

Подрачјето на Генералниот урбанистички план на град Струга содржи две површини ограничени со затворена линија на границата на планскиот опфат кои не се допираат меѓусебе и се состојат од една голема интегрална површина што го претставува градот Струга и една помала урбана целина што му припаѓа на градоти гравитира кон него. Просторот на предметниот план е помалата урбана целина УЕ 12, која воедно претставува и граница на Блок 30, кој е дисперзивен дел северно од градот и согласно неговите особености е дел од работната зона во која скоро сите градби се со намена Г- Производство, рударство, енергетика и индустрија.
На ниво на Блок 30, предвидени намени согласно Измена и дополна на Генераленурбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, се следните класи на намени:

- **Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА**
- **Д – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИПРОСТОРИ**
- **Е – ИНФРАСТРУКТУРИ**

Планскиот концепт се темели на усогласувањето на конкретниот плански опфат со границата на веќе донесен ДУП за Дел од УБ 30, Индустриска зона Мороишта 2007-2012 година, (Одлука бр.07-1930/13 од27.12.2007 година). Конкретната измена на ГУП го опфаќа и делот кој со„Измена и дополна на ГУП на Град Струга“ од 2007-2017 година не влегува во границите на генералниот урбанистички план ае составен делна ДУП за Дел од УБ 30, Индустриска зона Мороишта. Измената на границата на планскиот опфат во однос на важечкиот ГУП е во југозападниот дел на опфатот како и поделбата на Блок 30 од постојниот ГУП на урбани блокови за детално планирање, по осовината на крак од Магистралната улица М3 (Дел Р 410)
– нова ознака Р 1201, заради поефикасно спроведување на планот. Целта на оваа иницијатива е проширување на Блокот 30 и наменската зона со лесна индуструијаво делот кон запад до коритото на реката Дрим,односно до границата на заштитназона на реката уредена со Одлука на советот на Општина Струга.

Планирањето на просторот е од јавен и индивидуален интерес на општеството и поединците. Планскиот опфат во Блок 30, индустриска зонаМороишта е од интерес и на сопствениците и на општината Струга. Затоа се прави финансиска конструкција од нарачателот на овој план за остварување на простор за работа, дистрибуција, производство и сервисии остварување материјална добивка.

Планираната сообраќајна мрежа е усогласена со законската регулатива. Со генералната регулација која е предмет на планирње во ГУП со регулациони линии се уредува примарната сообраќајна мрежа - регионалниот пат Р 2243 и регионалниот пат Р1201 планиран како собирна улица „С1“ која поминува низ централниот дел на планскиот опфат го дели опфатот на урбани единици, при што овозможува формирање на лесен пристап до секоја парцела преку секундарна улична мрежа која ќе се дефинира со план од пониско ниво.
Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за класа на намена Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА, потребите за паркирање ќе се усогласат сотипот на производство и за градежнитепарцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела согласно важечка подзаконска регулатива член 225 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20,219/21 ,104/2022 и 99/23), како услов за градење при издавање на Одобрението за градење.
Деталните урбанистички план за овој простор донесени врз основна овааизмена на дел од ГУП треба да овозможат сообраќајно поврзувањедо секоја градежна парцела, односно објект.

1.6. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидува важечкиот Генералниот урбанистички план „Измена и дополна на ГУП на Град Струга“ од 2007-2017 година за Блок 30.

За одредување на процентуалната застапеност на зеленило ворамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18).

1.6.1 Единици на градежно земјиште

Единици на градежно земјиште во градот се Урбаните блокови. Според поделбата на важечкиот генерален урбанистички план за град Струга, предметниотплански опфат е Блок 30.

Границата на урбаниот блок која се совпаѓа со граница на планскиотопфат претставена е со соодветен симбол во графичкиот дел на планот.
Планскиот опфат е дефиниран во 1 (еден) Блок 30. Во рамките на опфатот формирани се **6 граници на плански опфати за детално планирање** односно граници на просторни планерски единици за детално планирање чија граница се совпаѓа со оските на примарна сообраќајница и постојните канали.

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАНИЦИ НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ			
реден број	**ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ**	**површина (ха)**	**изграденост (%)**
1	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.А**	6,18	14,95%
2	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Б**	6,14	14,84%
3	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.В**	10,46	25,29%
4	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Г**	2,92	7,05%
5	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Д**	9,55	23,08%
5	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Е**	6,12	14,79%
	ВКУПНО:	**41,36**	**100,00%**

1.6.2 Класа на намени

Границата на наменската зона се уредува како планска одредба во генерален урбанистички план.

Порсторот е поделен на наменски зони со граници на наменски зони според намена на земјиштето, ограничени површини на градежно земјиште со иста намена. Во рамките на неменската зона со урбанистички план се утврдуваат исти општи услови за градење и режим на користење на земјиштето.

Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметриза секоја наменска зона поединечно на ниво на цел плански опфат и истите се прикажани во нумеричкиот и синтезниот приказ.

Намената на земјиштето е дадена со процентуална застапеност на намените во наменската зона со различни класи на намена.

Вкупна изградена површина на ниво на плански опфат е 413638.6296 m , односно 41,4 ха.

На ниво на Блок 30, предвидени намени согласно Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, се следнитекласи на намени:

- **Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА**
- **Д – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИПРОСТОРИ**
- **Е – ИНФРАСТРУКТУРИ**

Заради флексибилност во користењето на просторот и можностите при спроведување на планот се планираат намени на ниво на групи на класи на намени, со исклучок на класа на намена Г1- Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија, со оглед натоа што предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопувањенаобјектите во амбиентот.

Групата на класа на намена **Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА** во себе ги содржи класите на намена:

- **Г 2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**
- **Г 3 - Индустрија за склопување на финални производи,сервисни услуги ипроизводство на енергија од обновливи извори**
- **Г 4 – Стоваришта, складови и отпади**
- **Г 5 – Земјоделско и сточарско производство**

Група на класа на намена **Д- ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА ИМЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**

-**Зона со класа на намена Д2 –Заштитно и сообраќајно зеленило**

(Зеленилото се јавува долж Магистралната градска сообраќајница - Р1201 каде има разделно зеленило со ширина од 2м, како и како заштитно зеленило покрај реката Црн Дрим и каналите во планскиот опфат.)
Заштитното зеленило има намена за заштита на животна средина, подобрување намикро-климатките услови и оплеменување и збогатување на непосредната околина што се одразува и на целокупниот амбиент во локалитетот.

Површините наменети за зеленило во просторот наменет за сообраќај да се уредат со затревнети површини и насади од висока вегетација во склад со теренските и просторните можности, без да пречат на прегледноста на движење по сообраќајните површини.
При изработка на студија за стационирaн сообраќај да се обележат сите насади од висока вегетација и истите да се почитуваат и вклопат во решението застационирaн сообраќај.
Да се овозможи континуитет во поврзувањето на сите сегменти од зелените простори (парковско, блоковско, заштитно, линеарно и др. во една единствена интегрална целина).

ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА - Е – Инфраструктури

- **Е1.1 – Сообракајни, линиски и други инфраструктури (сообраќајникоридори)**
- **Е 1.4 – Регулационен канал (собирни, отворени канали во планскиот опфат)Водена површина – река Црни Дрим и река Сатеска**

Во планираната состојба преовладува намената **Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА** и тоа **90.69 %** од вкупниот плански опфат. Тоа е единствената намена на земјиштето и градбите.

1.6.3 Сообраќајно решение

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.
Релевантните регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.)влегуваат во групатана регионални патишта "Р1" и "Р2" и се со ознака:

– Градска магистрална улица – (Струга-врска со А2 -Дебар-врска со Р-1202);

– Собирна улица со ознака С1 (Р2243 – Крак на регионален план)

При планирање да се почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11,53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15,
150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Планираната улична мрежа за локалитетот **„Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град** Струга, КО Мороишта, општина Струга", е поставена врз основа на поставката на Генералниотурбанистички план на град Струга од 2012 год. и деталните планови со кои се граничи овој плански опфат, постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај, а според урбанистички поставенатаорганизација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Како основа на поставката на уличната мрежа се поставенипланираните со ГУП на град Струга, плански период (2007-2017), улица од примарната улична мрежа со точно утврдена траса и сообраќајни профили, а тоа е:

- Регионалниот пат Р1201 - Струга (врска со А2) – Дебар (врска со Р 1201).

Постоечкиот регионален пат **Р1201** се состои од следниве елементи насообраќајна мрежа:

- пешачка патека-тротоар –од едната страна 1.50м
- коловоз. 7.00м
- велосипедска патека - од едната страна.....1.20м

Вкупно: 9.70м'

Димензиите и елементите на сообраќајницата не ги задоволуваат стандардите и нормативите на важечката регулатива. Исто такапланираната сообраќајница од Измена и дополна на ГУП на град Струга(2007-2017) со уличен профил од 27 м не ги исполнува минималните димензии на градска магистрална улица согласно Правилникот за стандарди во кој е пропишан стандард од минимум 29 м ширина на сообраќајница со таа категоризација.

Со таа цел, сообраќајницата се превзема од важечкиот ГУП, односно неговата осовина, и бидејќи границата на планскиот опфат оди по осовината, профилот на магистралната улица


се планира со елементи на уличната мрежа само во границите на планскиот опфат, со што го проширува тротоарот. Истиот е со следна структура на сообраќајен профил:


А. Градска магистрална улица:

1. Регионалниот пат Р1201
   - пешачка патека-тротоар. 5.00
   - велосипедска лента..... 1,5
   - коловоз. 2x3,5
   - **средишно зеленило. 2**
   - **коловоз. 2x3,5**
   - **велосипедска лента 1.5**
   - **пешачка патека-тротоар 5.00**

Вкупно: 29.00 м'

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПРЕСЕК НА ГРАДСКА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА-РЕГИОНАЛЕНПА Р1201





КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПРЕСЕК НА ГРАДСКА МАГИСТРАЛНА УЛИЦА-РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1201 СО РЕКА ЦРН ДРИМ

Собирната улица што поминува внатре во планскиот опфат ереализиранасо следна структура на сообраќај:

- Регионалниот пат „Р1201" (Собирната улица) е реализиран со следната структура на сообраќајниот профил:

- коловоз ..... 6.50 м
- тротоари (тротоарите не се постојани и се променлив профил)

Собирната улица - (Р 2243) нема плански третман во Измената на ГУП наград Струга, а во донесените детални урбанистички планови профилот е 10,5м и истиот не ги задоволува минималните стандарди согласно Правилникот за урбанистичко планирање.

Новопланирана собирна улица „С1" – Р2243 – крак на регионалниотпат Р1201 е планирана со следната сруктура на елементи на сообраќајница:

- пешачка патека-тротоар ..... 4.50 м
- коловоз. ..... 2x3 м
- пешачка патека-тротоар..... 4.50 м


Вкупно: 15,00 м'

КАРАКТЕРИСТИЧЕН ПРЕСЕК НА НОВОПЛАНИРАНА СОБИРНА УЛИЦА „С1“ – Р2243


ПРЕСЕЦИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

СОБИРНА УЛИЦА - КРАК НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 2243 - С1

ПРЕСЕК (3-3)



ПРЕСЕК НА КОРИТОТО НА РЕКА ЦРН ДРИМ СО СОБИРНАТА УЛ.„С1“ - МОСТ (пресек 8-8)



Вкупна површина на опфатот изнесува 41,04 ха од кој **1,99 ха** се под сообраќајниповршини или **4,82 %** од намените во планскиот опфат.

Радиусите и кривини на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите и стандардите од сообраќај. Минималниот радиус - Р на хоризонтална кривина на крстосниците, во зависност од категоријата на улицата треба да изнесува за:

- за магистрални улици P = 12,00 м
- за собирни улици P = 10,00 м

Радиусите на хоризонталните кривини на раскрсниците се планираат дабидатсо радиус P = 12,00 м со оглед на тоа дека намената на предметниот плански опфат е намена Г-ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА ИИНДУСТРИЈА.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа насообраќајот.
Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила ќе се планира со плановите од пониско ниво, планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно технолошкиот процес и корисниците на просторот а во согласност со член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“,број 225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23).

Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) се поклопува со граница на градежна парцела.

Меѓусебниот однос на сообраќајниците и начинот на нивното поврзување, се прикажани во графичкиот прилог "Сообраќаен план" во планската документација.

Со понатамошна изработка на Детален урбанистички план ќе биде планирана и секундарна сообраќајна мрежа, заради обезбедување на соодветенпристап до секоја градежна парцела.

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ

- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата.

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ

- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата, да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба.

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основенуслов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба. При изработка на студија за стациониран сообраќај да се обележат сите насади од висока вегетација и истите да се почитуваат и вклопат во решението за стациониран сообраќај.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **41,35 ха**, од која **1,99 ха** епод сообраќајни површини или 4,82 %.

Начинот на паркирање во подрачје наменето за работа се планира:

- во рамките на градежна парцела.
- на земјиште за општа употреба со посебни услови кои ќе бидат утврдени во Детален урбанистички план.
- Потребен број на паркинг места се определува согласно Правилникза стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весникна РМ бр. 225/20,219/21 ,104/2022 и 99/23) следните нормативи:

- Г2 - лесна индустрија, Г3 - сервиси, Г4 – стоваришта

- потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена;


- Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина заградба.

Во планскиот офат поминува река Сатеска и го дели планскиот опфат на два дела, а во западниот дел од опфатот поминува река Црн Дрим.

Коритото на реката Црн Дрим и заштитниот појас од 10 м е превземено од **Одлуката за определување ширина на крајбрежен појас на р.Црн Дрим бр.07- 2926/27 од 27.09.2012 година** со Решение за давање согласностна Одлуката од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.11-6712/2 од26.09.2012 година со технички извештај.

ПРЕСЕК НА КОРИТОТО НА РЕКА ЦРН ДРИМ
(согласно Одлука за регулација на коритото на р.Црн Дрим)
(пресек 2-2)

ПРОФИЛИ ОД КМ 1+020- km 3+700




.....

За коритото на Река Сатеска е донесен **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички за обнова на сливот на река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито, Општина Дебарца**, со тех. бр. ПРР 049-07-21 УП изработен од Градежен Институт „МАКЕДОНИЈА“ А.Д. – документација запренасочување и регулирање на коритото.

Вкупната должина на предметната траса изнесува 3.50 км и се наоѓа во рамките на општина Дебрца во која се предвидени речни градби во функција на пренасочување на речното корито, додека останатиот дел од течението кој поминува низ планскиот опфат на предметниот ГУП е предвидено само чистење на коритото до вливот на река Црн Дрим, без пренасочување и третман на коритото.

Пресек на Р.Сатеска - регулиран отворен канал со Собирната улица „С1“ (пресек 5-5)



Со оглед на тоа што Р.Сатеска не е планерски третирана и нема регулирано корито, во графичките прилози нанесен е крајбрежен појас од 50 м во согласност со Законот за води, а за градбите покрај реката е даден одредба во Посебните услови од планот како услов при планирање на планови од пониско ниво и при нивно спроведување, да се побара мислење и водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежна институција со врска со изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат на режимот на водите.

За објектите во крајбрежниот појас од 50 м ќе се применуваат одредбите дадени во посебните услови од планот се до регулирање на коритото на р.Сатеска и донесување на Одлука за регулирање на крајбрежен појас од локалната самоуправа и Решение за прифаќање на одлуката од Минстерство за животна средина и просторно планирање при што регулираното корито ќе се вгради и почитува при планирање и спроведување на Деталните планови и плановите од пониско ниво.

1.6.4 Нивелманско решение

Со изработка на локалитетот **„Измена и дополна на Генераленурбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“,** изработка на нивелманското решение за истиот локалитет се превзема од постојниот ГУП и донесените детални урбанистички планови и истиот се надоградува. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници. Се усвојува нивелманскиот план утврден со важечката планска документација за дадениот плански опфат.
Појдовна основа за изработка на вертикалното решение епостојнатанивелета и постојниот терен на локалитетот. Подолжните падови се движат во границите на дозволените.

1.6.5 Хидротехничка инфраструктура

Вовед

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **„Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“,** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Постојна состојба на водовод и канализација за **„Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од градСтруга, КО Мороишта, општина Струга“**

- Нивелационо решение на улиците во границите на планскиот опфат;

- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти иинсталации. Во рамките на предметниот плански опфат, има постојниинфраструктурни водови.

Внесена е постојната водоводна мрежа и фекална канализација во рамките на планскиот опфат и непосредна близина. Согласно известувањето од МЈП ПРОАКВА Струга, во рамките на предметниот плански опфат ја има следната инфраструктура:

- Довод на вода во профили со параемтри Ø 63, Ø 80 и Ø 110 кои се движат по Собирната улица „С1“;

- Фекална канализација во профил со параметар Ø 300.

Е 1.5 Инфраструктури на водоснабдување

Со оглед на тоа што Измената на дел од Генералниот урбанистички планза Блок 30 нема промени во намените, а проширувањето на опфатот е незначително со што не се зголемуваат потребните инфраструктурни капацитети за да се променат пресметките за инфраструктурните водови, на ниво на „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга,КО Мороишта, општина Струга“ се задржуваат планираните од претходниот генерален урбанистички план и донесените детални урбанистички планови како и постојните водови кои се пренасочуваат по новопланираните улици согласно стандарсдите.

Постојната водоводна мрежа на градот има должина од околу 25 км. со профили од 63 до 200 мм, градот е заштитен со десетина постојни пожарни хидранти.

Расположивиот резервоарски простор кој се користи е оној во шум созапреминаод 600 м3.

Максималната потрошувачка према мерењата инзесува љ мах/ден = 110 л.

Во рамки на предметниот планскиот опфат има делумно изведена водоснабдителна инфраструктура и истата ќе биде надградена односно превземена од веќе планираната мрежа од Измена на ГУП на град Струга 2007- 2017 годдина со мали зголемувања на параметрите согласно параметрите на инфраструктурните водови предвидени во деталните планови.

Планираната примарна водоводна мрежа во предметниот плански опфат е следна:

- Довод на вода со примарната водоводна мрежа со профили сопараметриАСС Ø 100 кои се движат по тротоарите на Собирната улица „С1“ – Регионален пат 2243 и Ø 110 и Ø 63 кои се превземаат од постојната водоводна мрежа;

За инфраструктурното решение на водоводната мрежа дадено е позитивно мислење од ЈП Водовод и канализација – Струга, бр.09-428/2 од 26.05.2023 година.

Количество на вода за против пожарна заштита

Согласно важечкиот генерален урбанистички план за заштита наНаселението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено два пожари со количествона вода од 15 л/сек.
Дополнително градот треба да се прошири со мрежата која е проектиранаф 300 по улицата Ф 200 по источно колекторса Партизанскапонатака на ова би се додала останатата мрежа

проектирана према потребите од санитарна и пожарна вода.

При проектирањето земени се во предвид и условите предвидени со правилникот за технички нормативи за надворешна и внатрешна хидрантска мрежа за гасење на пожари предидуваат 15 лит./сек. , пожар со истовремена појава од 2 пожари што бара дополнителен резервоарски простор од Њ пож. = 2x15x60x60x2 = 216 м3 за што постои резерва.

Е 1.6 Канализациски инфраструктури Фекална канализација

Зафаќањето, одводот и пречистувањето на отпадните води во градот Струга е решено делумно со системот за заштита на Охридско Езеро од кој во Струга егзистира: Регионален колектор Ф 1200 на кој градот е приклучен преку собирниот градски колектор кој се состои од два крака Ф 600 на двата дела од градот на кого се надоврзува мрежата од понизок ред, како дополнение се двата нови приклучоци на собирна улица С2 во УБ 28 и 27 и на западниот дел во УБ 48. Индустриските отпадни води се зафаќаат во претходно спомнатите цевоводи но со контрола да во нив не се испуштаат хемиски активни отпадни води кои би го нарушиле биолошкиот процес во пречистителната станица.

Како и во претходниот урбанистички план така и во овој е усвоена водоснабдителна норма од **300 лит./ден./жител**, а димензионирањето се врши на двојно количество од четиринаесет часова потрошувачка. Новите цевоводи да се изведуваат од ПВЦ или полиетиленски цеви со монтажни шахти. Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и планирана фекална канализација.

Постојната фекална канализација со своите траси се вклопува во новото генерално урбанистичко решение и понатаму ќе биде во функција.
По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот. Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.
Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

Фекална канализација го задржува постојниот профил сопараметар Ø 300 и истата се пренасочува по Собирната улица „С1“ – Регионален пат 2243.

Фекалната канализација, во согласност со одредбите од член 150 од Законот за водите, се приклучува на колекторскиот систем коиги евакуира загадените води во пречистителната станица во с.Ложани и пречистени ги испушта во реципиентот реката Црн Дрим. Атмосферските води, преку атмосферската канализација, се евакуираат директно во реципиентот Црн Дрим.

Со оглед на планираната класа на намени, посебно внимание треба да се посвети на третманот на отпадните фекални води со предвидување на соодветни технички зафати за нивно пречистување, сопредтретман, при што квалитетот на водата што се испушта треба да биде еквивалентен на квалитетот на комуналните отпадни води кои дополнително се пречистуваат во пречистителна саница предиспуштање во реципиентот т.е. да биде во согласност со Уредбата за класификација на површинските води („Сл.весник на РМ“ бр. 99/16 и 246/18).

При понатамошна разработка на инфраструктурните водови да се внимава истите да се водат подземно во јасно дефиниран инфраструктурни коридори, по можност сместени во непарцелираното градежно земјиште за општа употреба. Дополнително, се препорачува инфраструктурните водови да се водат во соодветни заштитни цевки со поголем дијаметар кој ќе овозможи интервенција на водовите. Во графичките прилози инфраструктурните водови се прикажани како плански решенија. Врз основа на овие прилози и во зависност од технолошкиот процес треба да се изработат идејни или директно основни проекти за инфраструктурните водови. За линиските инфраструктурни градби по потреба, може да се изработат и Проекти за инфраструктура.

Атмосферска канализација

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води,кој ќе се состои од посебни канали, а кои ќе се водат по главните сообраќајници и по сообраќајници за кои постојат услови за канализирање по гравитациски пат.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини.
Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетотна врнежи.

$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$

Долж собирната улица се планираа водови со Ø300 и Ø 500. Покрај планскиот опфат согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга 2007-2017 поминува атмосверски колектор со Ø 1200 и истиот е превземен во планското решение со неговиот заштитен појас.

Количини на атмосферски води

Целиот систем е превземен од Измена на Генерален урбанистички план на Град Струга 2007-2017 со оглед на тоа што нема постојна атмосверска канализација и во планскиот опфат не се направенипромени во однос на наменитекако и не се предвидуваат нови корисниципво однос на постојните.

Е 1.8 Енергетска инфраструктура

Планираната енергетска инфраструктура во предметниот локалитет, каде преовладува производство, дистрибуција и сервиси, е дел од енергетската инфраструктура планирана во постојниот Генерален урбанистички план за град Струга и може да се надоградува по потреба на конкретните потрошувачи. На основ на добиените податоци и информации од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.10-55/6-217 од 29.07.2021 година, од електро-енергетски мрежии објекти евидентирано е следното:

- 35kV Надземна мрежа
- 10(20)kV Подземна мрежа
- 10(20)kV Надземна мрежа
- 0.4kVПодземна мрежа
- 0.4kV Надземна мрежа

Електрична мрежа на опфатот е дел од градскиот систем за напојување.Во границите на опфатот има евидентиран 10 трафостаници 10(20)/0,4 кВ; Согласно Измена и дополна на ГУП на град Струга (2007-2017) , планирана е и ТЦ трафостаница со јачина 35/10(0,4) КВ и

истата е превземена во планското решение. Во дописот од ЕВН напоменува дека при постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, прореализација потребно е да се побара мислење од најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Согласно напомените во дописот од ЕВН предвидени се заштитни појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на урбанистички планови од пониско ниво и проекти и идејни и основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се превземени од предходните плански документации и се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W

- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

Е 1.9 Телекомуникациска инфраструктура

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према големина (површина) на јавните објекти, функција, број на вработени и сл.

Согласно одговор на барање на податоци и информации за ТК инсталации внесени се постојни инсталации добиени од Агенција за електронски комуникацииАЕК и Македонски Телеком АД Скопје.

Со предметниот Генерален урбанистички план предвидени се коридорите на телекомуникациската инфраструктура, но нивна понатамошна разработка, како и приклучување на постојната мрежа ќе биде прецизно разработено со урбанистички планови од пониско ниво како и основни проекти во склад со развојните програми на Македонски Телеком АД Скопје.

Во планскиот опфат има изведена телефонска мрежа. Уличните ормари ќе се поставуваат на површините од тротоарите. Бројот на уличните ормари, како и нивната точна диспозиција ќе се утврдат во понатамошните фази, во склад со реалните потреби и развојните програми на Македонски телеком АД Скопје.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат,

градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредноститепропишани со Упатството за гранични вредностипри изложеност на нејонизирачкозрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection).

Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Р.Македонија се М-Телеком,ОНЕ.ВИП и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
- региони, општини, населени места,
- подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
- сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечкатаинфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори. Кабелска електронска комуникациска мрежа - се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваати градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:
– заштита на човековото здравје и безбедност,
– заштита на работната и животната средина,
– заштита на просторот од непотребни интервенции,
– заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронскикомуникациски мрежи,
– унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски - комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД “Македонски Телекомуникации” и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни-услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др.

Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај се приклучени прекутелефонската централа во Струга.

Низ планскиот опфат на ГУП Струга, Општина Струга минува трасата на оптичкиот кабел Кичево – Струга - Охрид заради што при изработка на урбанистичката и проектна

документација треба да сепочитуваат позитивните закони и правилници.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежасекаде каде што нема треба да обезбедат можност за широкопојасенпристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата наоператорот со можност за пристапдо јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps инајмалку 50% од домаќинствата покриени со на операторот со можност запристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.


1.6.6 Гасификација

Во планскиот опфат на „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“ за плански период 2020-2025, Согласно дописот од Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности – НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ, Скопје, бр.03-2454/2 од 19.08.2021 година, известуваат дека во наведениот плански опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа, и истите даваат позитивно мислење.


Е 1.11 Инфраструктура за одводнување

Согласно допис бр.11-1859/4 од 20.10.2021 година, од АД Водостопанствона РСМ-Скопје, во границите на планскиот опфат има свои објекти и инфраструктура. Согласно нивната одредба да се внимава на катастарските парцели кои во катастарсе означени како -Реки.
Сите канали во планскиот опфат се превземени од претходни плански документации и планерски се третирани согласно одбрени плански решенија. Истите се претставени во графичките прилози од планската документација соницните заштитни појаси.


Пресек на коритото на Канал 3 - регулиран отворен канал со Собирната улица „С1“ (пресек 4-4)



Пресек на регулиран отворен канал „2“ со Собирната улица „С1“ (пресек 7-7)



Регулиран отворен канал „2“ (пресек 6-6)



Согласно законот за Води треба да се запазат следните критериуми:

-Член 131 став 1 заради заштита и одржување на природните и уредени течни корита и бреговите на водотеците езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност издадена врз основ на закон да се врши градба или зафат кои би имале негативно влијание врз протокот на водотекот.
Треба да се има во предвид дека во планскиот опфат, постојниот водотек –отворен одводен канал е со изведена регулација т.е. е изведен бетонски канал кој во целост е снимен и како таков е превземен одпретходно усвоени плански документации.
Согласно горенаведенио допис при спроведување на плановите од пониско ниво чиј основ за изработка е предметниот генерален урбанистички план да се почитуваат Член 131, став (2), алинеа 3, член 163 – водостопански објекти и постројки – објекти наменети за прифаќање и одведување на одвишни површински и подземни води – систем на одводнување и член 167 – заштита на водостопанските објектии тоа:
Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:
1) да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилностана одбранбените насипи, да се копа земја, да се садат дрвјаи грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради, доколку не се составен дел на системот за одбрана од поплави;
2) да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата наодбранбените насипи;
3) да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
4) во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел на заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определено со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
5) да се пушта добиток за напасување и преминување преку или долж водостопанските објекти, ако тоа не е предвидено со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;
6) да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);
7) да се фрлаат отпадоци, земја и други предмети со кои се затрупуваат каналите;
8) да се испуштаат отпадни води во објектите од хидросистемите и системите за наводнување и системите за одводнување;
9) да се изведуваат работи кои би можеле да ги променат условите за мерење наводата на хидрометриски профили кај хидролошките станици;

10) да се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозуваат стабилностана браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројки или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулацијата поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои;
11) да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
12) да се вади песок, чакал, камен и друго од заштитните водостопански објекти и постројки, ако тоа не е предвидено со планот за нивно одржување и
13) да се вршат и други работи со кои се оштетуваат водостопански објекти ипостројки.

Во планскиот офат поминува **река Сатеска** и го дели планскиот опфат на два дела, а во западниот дел од опфатот поминува **река Црн Дрим.**

Коритото на реката Црн Дрим и заштитниот појас од 10 м е превземеноод **Одлуката за определување ширина на крајбрежен појас на р.Црн Дрим бр.07- 2926/27 од 27.09.2012 година** со Решение за давање согласност на Одлуката од инистерство за животна средина и просторнопланирање бр.11-6712/2 од26.09.2012 година со технички извештај.

КАРАТЕРИСТИЧЕН ПРЕСЕК НА КОРИТОТО НА РЕКА ЦРН ДРИМ

Со оглед на тоа што Р.Сатеска не е планерски третирана и нема регулирано корито, во графичките прилози нанесен е крајбрежен појас од 50 м во согласност со Законот за води, а за градбите покрај реката е даден одредба во Посебните услови од планот како услов при планирање на планови од понистко ниво и при нивно спроведување, да се побара мислење и водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежна институција со врска со изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат на режимот на водите.

За објектите во крајбрежниот појас од 50 м ќе се применуваат одредбите дадени во посебните услови од планот се до регулирање на коритото на р.Сатеска и донесување на Одлука за регулирање на крајбрежен појас од локалната самоуправа и Решение за прифаќање на одлуката од Минстерство за животна средина и просторно планирање при што регулираното корито ќе се вгради и почитува при планирање и спроведување на Деталните планови и плановите од пониско ниво.

1.7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план

Составен дел на предметната парцијална измена на ГУП Струга се: Документациона основа со текстуален дел, графички и нумерички дел и Планска документација со текстуален, графички и нумерички дел како и Пречистена верзија Синтезниот план и одредбите за спроведување напланот Измена на ГУП на град Струга (2007-2017), согласно член 25од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ на РСМ бр. 225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23).

Планот е изработен согласно со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20)и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РепубликаСеверна Македонија“ на РСМ бр.225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23).

Графичкиот дел на планот го сочинуваат прилози од документациона основа:
Извод од постоен ГУП и донесени детални планови во границите на планскиот опфат, Ажурирана геодетска подлога, Инвентаризација на изграден градежен фонд и Инвентаризација на градбите и водовитеод вкупната изградена комунална инфраструктура и друга инфраструктураи зеленило во планскиот опфат; и планиран развој: План на намена на земјиште и градби, Регулационен план, Сообраќаен и нивелациски план, Инфраструктурен план и план назеленилоУ и Синтезен план; Синтезен план - Пречистена верзија наИзмена на ГУП на град Струга (2007-2017).

Општите параметри и услови за изградба се превземаат од постојната Измена и дополна на ГУП на Град Струга“ од 2007-2017 година со кој се определени границите на вкупниот опфат на градот и границите на основната територјална поделба на урбани единици и блокови, определени за градба и се планираат конкретни општи и посебни услови кои важат само за територијата на Блок 30.

Урбаните единици се состојат од следните блокови:

Урбана единица	Блокови
УЕ 1	Б5, Б6, Б7
УЕ 2	Б8, Б9
УЕ 3	Б10, Б11
УЕ 4	Б12, Б13, Б14, Б15
УЕ 5	Б16, Б17
УЕ 6	Б18, Б19
УЕ 7	Б20, Б21
УЕ 8	Б22, Б23
УЕ 9	Б24, Б25, Б26
УЕ10	Б27, Б28
УЕ11	Б1, Б2, Б3, Б4
УЕ 12 (Индустриска зона)	Б30

Единици на градежното земјиште, како урбанистички единици за планирање, во Генерален урбанистички план за град Струга се урбанистичкиблокови, како основна и најмала единица, и плански опфаткој може дасе состои од еден или повеќе урбанистички блокови.
Во Блокови извршено е зонирање според содржините во просторот, основната намена домувањето и сите содржини што го пратат.

Биланснитe показатели во него, содржат податоци за површините и намените, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на урбаните блокови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и уредување на просторот (Сл.весник бр.51/05). Истите се дадени во делот 3.„Нумерички податоци“.

Графичките прикази и биланснитe показатели го почитуваат и сеизработенина основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредувањена просторот и проектирање на објекти (78/2006).

Изготвениот Генерален урбанистички план за градот Струга, е основа за изработка на плановите од понизок степен - Детални урбанистички планови за Урбаните блокови на градот Струга, од Б 1 до Б 30 . Тој ги определува границите на урбаните блокови главно по природните граници, сооракајниците и водотеците.

Со него се дадени параметрите за организацијата на просторот, односите помеѓу содржините, карактеристиките на поднебјето итрадицијата и спецификитена културното и друго наследство.

Генералниот урбанистички план, како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со Просторниот план на Р. Македонија.

Основни параметри за уредување на просторот - превземени од Измена идополна на ГУП на Град Струга“ од 2007-2017 година

- Сите елементи на планирањето во плановите од пониско ниво (Детални урбанистички планови, Урбанистички проекти) треба да бидат изработени во согласност Генералниот Урбанистички план на град Струга.
- Регулациона линија е линија на разграничување на граждежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиШте за поединечна употреба.
- Градежна линија се исцртува во градежни парцели каде Што со планот се утврдуваат услови за идна градба.
- Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиШтето е во рамките на предвидените со Правилникот, а посебни параметри за урбанистичкитепарцели Ќе бидат предмет на поконкретни показатели на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект, според архитектонско-урбанистичката концепција на реШението. – Согласно УНЕСКО за Блок 30, процент на изграденост е 50%.
- При оформување на содржините во рамките на Деталните урбанистички планови во потполност да се почитуваат и применуваат мерки и режими заза Штита дефинирани во Изводот од заШтитно конзерваторски основи за Генералниот урбанистички план на град Струга, Изработени од Национална установа Завод за заШтита на споменици на културата и музејОхрид со Бр.143/2006-2 од септември 2006.
- Процентот на озеленување на ниво на блоковите се добива кога Ќе се соберат сите предвидени озеленувања во блокот (јавно зеленило и зеленилопланирано во пооделни парцели).
- При оформување на содржините во рамките на локалитетот се применуваат соодветни мерки за заШтита на елементите на животната средина, при оформувањето на зелените поврШини, а по конкретно разработени на ниво на Детален урбанистички план или на ниво на Урбанистички проект.
- Горенаведените параметри укажуваат на дозволена изграденост во Урбаните блокови Што овозможуваат уредување на просторот со партерниелементи, урбана опрема, богати зелени поврШини, паркирање и друго.
- Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува пред секоја денивелација на тротоарите, пеШачките патеки, партерите, како и влезовите во јавните и објектите за домување, да се постават рампи за движење на инвалидски колички и посебни возила.

Настанатите општествено - политички и економски промени во периодот после 1990 година ја наметнаа потребата од измени во областа на одбраната и засолнувањето. Донесените законски и подзаконски акти сокои начелно се регулира проблематиката на засолништата во "Република Македонија се:

- Законот за одбрана (Сл.весник на РМ бр. 8/93);
- Уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весникна РМбр. 81/92);
- Правилникот за определување на висината на средствата потребни за изградба на засолниШта и начинот и рокот на плаќањето односно враќањето на овие средства (посебен Сл.весник на РМ бр. 11/93);
- Уредба за изменување на уредбата за критериумите за засолнување на населението (Сл.весник на РМ бр. 12/98), со која во уредбата од (Сл.весник на РМ бр. 81/92) во член 2 алинеа 1, ги дава критериумите за обезбедување со објекти за засолнување.
- За заштита од воени разурнувања ќе се применуваат мерки согласно претходно наведените закони и уредби.
- По однос на заштита од природни непогоди, објектите треба да се изградат согласно важечките технички прописи од соодветните области. По однос на технолошките непогоди, треба да бидат превземни сите мерки за заштита со изработката на проектите и примената на соодветната технологија.
- Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04), во процесот на просторно и урбанистичко планирање и проектирање се води сметка за заштита од

пожари, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случаи на појава на пожари. Согласно кон изнесеното предвидени се следните Плански мерки за заштита од пожар:

Сообраќајното решение и начинот на кој треба да се предвиди изграба на објектите треба да овозможи пристап на противпожарно возило од повеќе страни. Сообраќајниците се со доволна ширина и со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила.

- Во Струга се наоѓа противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето кое е потребно за пристигнување на противпожарнотовозило е околу 5 минути до секој објект во рамките на опфатот на градот.
- Потребно е да се предвидат надземни и подземни пожарни хидрантиза снабдување на противпожарните возила со вода за гасење.
- Во Класата на намена Д2 можи да се предвидуваат само излези на сообраќајници.
- Во Класите на намена Д1 и Д2 не смеат да се изведуваат објекти на Бензински пумпни станици дадени во прилогот сообраќај како Зоните на бензински пумпи.

Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за површина на планскиот опфат на БЛОК 30 и служат за спроведување на урбанистичкиот план

Предметниот плански опфат е дефиниран со 1 (еден) Блок 30. Во рамките на опфатот формирани се **6** (шест) граници на плански опфати за детално планирање односно граници на просторни планерски единици за детално плнирање чија граница се совпаѓа со оските на примарна сообраќајница и постојниот канал.

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАНИЦИ НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ			
реден број	***ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ***	***површина (ха)***	***изграденост (%)***
1	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.А**	6,18	14,95%
2	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Б**	6,14	14,84%
3	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.В**	10,46	25,29%
4	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Г**	2,92	7,05%
5	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Д**	9,55	23,08%
5	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Е**	6,12	14,79%
	ВКУПНО:	***41,36***	***100,00%***

Наменската употреба на земјиштето во Блок 30 се одредува со употреба на наменски зони кои се хомогенизираат врз основа на една група на класана намена.
Во границите на планскиот опфат се планираат следниве групи на класи нанамена:

- **Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА**
- **Д - ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**
- **Е - ИНФРАСТРУКТУРИ**


Заради флексибилност во користењето на просторот и можностите приспроведување на планот се планираат намени на ниво на групи на класи на намени, со исклучок на класа на намена Г1-Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија, со оглед на тоа што предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот.

Групата на класа на намена **Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА ИИНДУСТРИЈА** во себе ги содржи класите на намена:

- **Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**
- **Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори**
- **Г4 – Стоваришта, складови и отпади**
- **Г5 – Земјоделско и сточарско производство**

Уредувањето на компатибилноста се врши во урбанистичките планови за секој плански опфат поединечно, во зависност од специфичностите на локалитетот, културата на живеење, историјата на планирање и градење, и тоа во случаи во коишто потребната компатибилност не е опфатена со овој правилник и помеѓу класи на намени и на начин различен од наведените во овој правилник, но согласно со начелата и принципите на компатибилност пропишани со овој правилник.
При димензионирањето на инфраструктурите во урбанистички план секогаш како референтни вредности се земаат највисоките параметри од алтернативните и компатибилните намени предвидени со планот.

Истите се препорачува да се усогласени со Измена на генерален урбанистичкиплан на град Струга (2007-2017) односно со табелата дадена во прилог.



Генералниот урбанистички план може да се спроведува со урбанистички проект за инфраструктура, и тоа за инфраструктури од примарната мрежа за кои не е донесен детален урбанистички план, односно за кои важечкиот детален урбанистички план не е усогласен со генералниот урбанистички план.

Планското решение на сообраќајната мрежа е планирано според Измена и дополна на ГУП на град Струга (2007-2017), донесени урбанистички планови во планскиот опфат и постојна состојба а сето усогласено со важечки регулативи.

Правците на сообраќајната мрежа, попречните профили со ширина на коловоз и тротоари, радиуси на кривини, како и плански решенија на нивелетите, прикажани се во графичкиот прилог - Сообраќаен и нивелациски план.

Со Генералниот урбанистички план се дефинираат елементи за обликување на примарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение. Примарната сообраќајна мрежа во планскиот опфат ја сочинуваат:

1. Магистралната улица М3 (Дел од Р410) - нова ознака Р1201

2. Новопланирана Собирна улица „С1“– кракот на регионалниот пат(Дел од Р419К) – нова ознака Р2243

- Потребниот број паркинг места ќе се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистичките планови од пониско ниво, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела.

- За намена Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови коипроизлегуваат од нејзината намена.

- Генералната и деталната регулација со која се планира структуратана уличната мрежа во

населени места, просторниот концепт идиспозиција на траси, оски и раскрсници, како и попречни профили и нивната содржина, се планираат во урбанистички планови и урбанистички проекти согласно правилата на урбанистичкото планирање.

- При проектирање на елементи на улична мрежа, површините за движење напешаците да бидат прилагодени за непречено движење на инвалидизиранилица во согласност подзаконска регулатива.

- Планските решенија за инфраструктура, дадени се на подлоги во размер 1:1000 со прикажана проекција. Бидејќи се работи за плански решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи, доколку проектите од повисоко ниво покажуваат поопправдани, поекономични или условени решенија од аспект на времена реализација.

Поради тоа при издавање на локација за одредени инфраструктурни објекти треба да се земе во предвидпостојната инфраструктурна мрежа, ниво на реализираност на ГУП како и задачите кои произлегуваат од делотна ГУП кој не е реализиран, а кои што треба да се земат во предвидкако задача при проектирање на нови инфраструктурни објекти.

Инфраструктурна градежна линија се употребува за означување на траса на инфраструктурен вод, при што кога се употребува во урбанистички планови со генерална регулација просторната диспозиција на трасата се смета за прелиминарна, кога се употребува во урбанистички планови со детална регулација трасата се уточнува но не се смета за дефинитивна, за тоа да стане дури во урбанистичките проекти и во идејните и основните проекти во кои што трасата станува конечна (во рамки на инженерски прифатливата толеранција на грешки засекој вид на инфраструктура и инженерски градби).

При примена на планските решенија на **„Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“,** за плански период од 2021- 2026 год. за сите елементи кои не се опфатени во овој план треба да се постапува согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ на РСМ бр. 225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23).

1.8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање во границите утврдени со планот во Блок 30

Посебните услови за изградба, рзвој и користење на земјиштетои градбите се однесуваат на планскиот опфат на парцијална „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“, плански период 2021-2031 година, кој се состои од еден блок, нумериран како Блок 30, чија граница скоро целосно се совпаѓа со Блок30 во Измена и дополна на Генерален урбанистички план на град Струга, со плански период од 2007-2017 година, со мало проширување во југозападниот дел од опфатот. Со тоа проширување незначително се зголемува наменската зона со намена Г- Производство, рударство, енергетика и индустрија од претходниот генерален урбанистички план, а во другата површина влегува реката Црн дрим и регионалниот пат Р 1201 до неговата осовина.

Со оглед на тоа при планирање на просторот не настануваат големипромени во наменските и инфраструктурните параметри кои скороцелосно се превземаат од важечкиот генерален урбанистички план и од донесените детални планови и инфраструктурни проекти.

Во границите на планскиот опфат на Блок 30 се предвидуваат **6 (шест) граници на просторни планерски единици** за детално планирање на просторот односно плански опфати на детални урбанистички плнови означени во графичките прилози од планската

документација. Нумерирани се до голема арапска цифра која го означува блокот (Блок 30) и голема кирилична буква. (Пр. 30. А, 30.Б. 30.Е).

Планскиот опфат на **„Измена и дополна на Генераленурбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“,** е составен од еден блок (Блок 30) во кој се предвидени следните класи на намени:

- **Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА**
- **Д – ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИПРОСТОРИ**
- **Е – ИНФРАСТРУКТУРИ**

Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и урбанистичките параметри се дадени посебно за зоните оформении според намената на земјиштето во планскиот опфат и истите се согласно Правилникот за стандарди. Вкупна изградена површина на ниво на плански опфат е **413638,63 m** односно **41,36 ха.**

Во согласност со Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18, член 20: При изработка на сите планови и проекти од членот 1 став (2) на овој закон, треба да се обезбеди најмногу 20% зеленило на секоја градежна парцела.

Заради флексибилност во користењето на просторот и можностите при спроведување на планот се планираат намени на ниво на групи на класина намени, со исклучок на класа на намена Г1-Производство на енергијаи тешка и загадувачка индустрија, со оглед на тоа што предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот.

Во однос на намената планирана во планскиот опфат просторот е поделен на наменски зони со граници на наменски зони според намена на земјиштето, ограничени површини на градежно земјиште со иста намена. Во рамките на неменската зона со урбанистички план се утврдуваат исти услови за градење и режим на користење на земјиштето.
Според оваа нумерација се изработени урбанистички параметри за секоја наменска зона поединечно на ниво на цел плански опфат и истите се прикажани во нумеричкиот и синтезниот приказ.

Намената на земјиштето е дадена со процентуална застапеност нанамените во наменската зона со различни класи на намена.

Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА..... 37,50 ха

Групата на класа на намена Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО,ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА во себе ги содржи класите на намена:

- **Г 2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**
- **Г 3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги ипроизводство на енергија од обновливи извори**
- **Г 4 – Стоваришта, складови и отпади**
- **Г 5 – Земјоделско и сточарско производство**

ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Д- ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ ..... 0,61 ха

- **Зона со класа на намена Д2 –Заштитно и сообраќајно зеленило**

(Зеленилото се јавува долж Магистралната градска сообраќајница - Р 1201 каде има разделно зеленило со ширина од 2м, како и како заштитно зеленило покрај реката Црн Дрим и каналите во планскиот опфат.)


Компатибилни класи на немени нема.

ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА - Е – Инфраструктури

- **Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури (сообраќајникоридори)…1,99 ха**
- **Е 1.4 – Регулационен канал ....0.29 ха**
- **Водена површина – река Црни Дрим и река Сатеска…..0,96 ха**

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	***КЛАСА НА НАМЕНА***	***површина (ха)***	***изграденост (%)***
1	**Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА**		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување нафинални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	37,50	90,69 %
2	**Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0,61	1,47%
3	**Е – ИНФРАСТРУКТУРИ**		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски идруги инфраструктури	1,99	4,82%
	Е1.4 – Регулационен канал	0,29	0,71%
4	Водена површина - река	0,96	2,31%
	ВКУПНО:	***41,35***	***100,00%***

Компатибилни класи на намени и процентот на нивното учество во однос на основната класа на намена да биде во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“на РСМ бр. 225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23) и согласно табелата за копатибилни намени во Измена и дополна на ГУП за град Струга (2007-2017):



Класата на намена Г2-ЛЕСНА И ПРЕРАБОТУВАЧКАИ ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (освен Г2.8 - топлани за комунално греење и Г2.9 - вински подруми, винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В) и Г3 - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори (освен Г3.2 - сервиси за одржување и поправка на машини, бела техника, електроника, апарати за домаќинство, Г3.4 - сервиси за чистење и перење на килими, хемиско чистење и слично, Г3.6 - производство на инструменти, електроника и предмети за домаќинство, накит од племенити метали, музички инструменти, кроење и шиење облека, мануфактури за прецизни работи, печатници и слично, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В), чијашто поголема компатибилност може да се постигне сопримена на нови незагадувачки технологии и заштита кои ги преквалификуваат овие наменисе компатибилни со некои класи на намени од групите на класи на намени Б и В, па дури и класата на намени А2, при што за оваа преквалификација (од повеќе во помалку загадувачки) се потребни технички докази и институционална верификација за нивната незагадувачка природа.

Класите на намени Г4 - стоваришта, складови и отпади и Г5 - земјоделско и сточарско производство, се некомпатибилни со групите на класи на намени А и В, при што исклучок се селските стопански дворови како и специјализираните рурални населени места, во коишто мешањето на класите на намени А1 и Г5 можеда биде и компатибилно и комплементарно.

Групата на класи на намени Г - рударство, енергетика, индустрија, не може да создава зона на мешана намена со ниту една друга група на класина намени (освен исклучоците од класите на намени Г2 и Г3 од членот 83 став (8) од овој правилник), ниту може да биде одредена како поединечна намена во наменски зони со групата на класи на намена А – домување и престој.

Една од компатибилните намени во просторната единица треба дабиде уредена во урбанистички план како основна намена при што другите компатабилни намени во истата просторна единица можат да бидат застапени со најмногу 30%, за да не се смени карактерот и начинот на употреба на просторната единица согласно Измена и дополна на ГУП за град Струга (2007-2017).

Во индустриските комплекси уредени во големите градежнипарцели, како намена на комплексот се означува класата на намена или намената на основната дејност врзана за пиродата на индустриското производство, но во комплексот по правило егзистираат градби со други намени во својстов на комплементарни намени и тоа од сите групи на класи на

намени. Во процесот на спроведување на урбанистичките планови во случај кога се реализира целиот комплекс референтна е основната класа на намена, а во случаи кога се реализират поединечни градби или делови од комплексот референтни се нивните поединечни намени.

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

Компатибилните намени, класи на намени и групи на класи на намени се одредуваат според принципот на меѓусебно несметање и толеранција или функционална и просторна усогласеност за опстојување на ист или соседен простор.

Компатибилните намени, класи на намени или групи на класи на намени треба во урбанистичките планови да бидат уредени за секоја просторна единица на планирањето одделно, заедно со процентот на нивното учество во ангажирањето на просторот на единицата.

Заради флексибилност на планот, при одредување на намената наземјиштето во урбанистичките планови како планска одредба може да се употребуваат две или повеќе меѓусебно компатибилни намени како алтернативнинамени, но само во рамките на градежна парцела.

Применувањето на алтернативните намени во градежната парцела обезбедува избор на една од определените намени во постапкатапри спроведување на планот, при што во текот на употреба на градбата е можна нејзината пренамена во другата алтернативна намена се додека е на сила урбанистичкиот план што ги уредил алтернативните намени.

Алтернативните намени таксативно се наведуваат за секоја одделна градежна парцела при што збирот на површините на градежните парцели со алтернативни намени не може да зафати повеќе од 30% од површината на наменската зона за да не го смени карактерот на зоната, доколку носителот на зоната е една од алтернативите.

ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА - Г- ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА ИИНДУСТРИЈА

Зона со основна класа на намена Г2, Г3, Г4 и Г5 - Лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта, како и компатабилните класи на намена во рамки на целиот Блок 30 не смее да се планираат со катност поголема од П+3 и сопроцент на изграденост на ниво на парцела непоголем од 50% во планскиот опфатна Блок 30 согласно Законот за заштитана светското културно наследство.

Вид и начин на употреба на планската единица: Во рамките на парцелатаможе да се планираат еден или повеќе објекти според потребите, технологијата и организацијата на работа. Доколку се планираат повеќе објекти во градежната парцела, истата треба да се разработи соурбанистички проект.

Се предвидува можност за поставување на сопствени трансформаторски станици во согласност на потребите на корисниците како дел одкомплементарните класи на намени.

За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарновозило заизградба на истите и нивно тековно одржување.

За 35, 20 и 10 kV подземни далноводи во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации.

Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка,електро- енергетска, електронска комуникациска и топловодна) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите може да биде предмет на промена со изработка на урбанистички проекти.

Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

Површините со намена Д2 - заштитно зеленило низ кои што еевидентирано или се планира поминување на траси на инфраструктурни водови и нивни заштитни коридори да се уредуваат исклучиво како површини со ниска трева, без високо зеленило.

Со проекти за инфраструктура за сообраќајните коридори на примарната сообраќајна мрежа (собирни улици), кои ќе се работат врз основа на Генералниот урбанистички план или врз основа на детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.

Со цел надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба,јавните простори, дои во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, задолжително се почитуваат одредбите од делот Стандарди за мобилност и пристапност (член 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195 и 196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр.225/20219/21 ,104/2022 и 99/23,).

Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот бројги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање наконтејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под кое не се предвидува градба да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник наРМ, бр.11/2018).

Задолжително да се почитуваат одредбите од делот 11. Зелени инфраструткури (член 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175,176, 177, 178 и 179) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ,бр.225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23).

Согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Елементи на внатрешниот сообраќај: Паркирањето да се реши во рамкина сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површиназа градба. Потребниот број на паркинг места

ќе се определи согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20). Покрај паркингот за коли, да се обезбеди задолжително и паркинг за велосипеди.

Начинот на паркирање во подрачје наменето за работа се планира:

- во рамките на градежна парцела.
- на земјиште за општа употреба со посебни услови кои ќе бидат утврдени во Детален урбанистички план.
- Потребен број на паркинг места се определува согласно Правилник застандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 225/20219/21 ,104/2022 и 99/23),или друга важечка регулатива.
- Г 2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г 3 –Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, Г4 – Стоваришта, складови

и отпади и Г5 – Земјоделско и сточарско производство потребниот број паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена;

- Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов заизградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

За начинот на пресметување на најмалиот потребен број на паркинг места според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, кој ќе се утврди во урбанистичкиот план како планска одредба се користат следниве нормативи:

А1 и А2 – Домување

- Во урбанистички план се уредува начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување, кој зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

- За станбени згради со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи најмалку 0,25 паркинг места за секои 45,00 м2 станбена површина,

А3 – Групно домување
- За домовите за стари лица, незгрижени деца и ученици : 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 1 паркинг место на 15 легла за домовите за стари лица,
- За студентски домови : 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но не помалку од 2 паркинг места,

А4 – Времено сместување
- 1 паркинг место на 8 легла,

Б1 – Мали комерцијални и деловни дејности
- За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина,

Б2 – Големи трговски единици
- 1 паркинг место на 70 м2 од вкупно изградената површина,

Б3 – Големи угостителски единици

- 1 паркинг место на 20 м2 од вкупно изградената површина,

Б4 –Деловни дејности
- 1 паркинг место на 8 вработени во смена,

Б5 – Хотелски комплекси
- 1 паркинг место на 6 легла и 1 паркинг место на 10 м2 површина наменета за нерезидентни гости,

Б6 – Простори за собири
- 1 паркинг место на 8 - 16 гледачи, во зависност од локалниот степен на моторизација,

В1 – Образование и наука
- За предшколско образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За основно и средно образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За високо образование 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- За научните институции 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

В2 – Здравствени и социјални установи
- За здравствени установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,
- за социјални установи 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места,

В3 - Култура
- 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% но најмалку 2 места
за изложбен простор за музеи и галерии,
- 1 паркинг место на 8 - 16 посетители за киносали,

В4 – Државни институции
- 1 паркинг место на 5 вработени плус 10% но најмалку 2 места,

В5 – Верски институции
- 1 паркинг место на 40 м2 од вкупната површина,

Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела,

Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
- Потребниот број паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата,

Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени,

бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба.

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

1. А - ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

А1 и А2 - Домување во станбени куќи и згради
- за станбени куќи од класата на намени А1 потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува во урбанистички план во зависност од локалните услови и потребите на градбата,
- за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,
- за станбени згради со станови за лица со социјален ризик и други ранливи групи најмалку 0.25 паркинг места за секои 45 м2 станбена површина,

А3 - Групно домување

- потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услов и, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

А4 - Времено сместување

- потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

2. Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

3. В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план врз основа на препорачаниот стандард од 1 паркинг место за велосипед на секои 10 вработени и/или на секои 10 корисници на институцијата, но потребниот број се уредува во планот во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,

4. Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена,

5. Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со одлука на советот на локалната самоуправа врз основа на потребите на локалната заедница,

Е - ИНФРАСТРУКТУРА потребниот број паркинг места за велосипеди се утврдува со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.

Доколку во градежната парцела егзистираат повеќе намени чиешто користење временски не се преклопува, бројот на паркинг места се утврдува само за намената за која се потребни најмногу паркинг места, односно за намените коишто едновремено се користат, а имаат најголем збир на потребни паркинг места.

При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште.

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба на максимално дозволената висина и површина за градбата.

При спроведување на ГУП-от колскиот пристап до градежните парцели да биде од секундарна улична мрежа.

Да се планира паркирање во рамките на сопствена парцела.

Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места да биде основен услов за изградба на максимално дозволена висина и површина за градба.

Донесените урбанистички планови во границите на планскиот опфат на овој план продолжуваат да се применуваат и важат а согласно член 35 од Законот за урбанистичко планирање.

Да се почитува планираниот профил и елементите на сообраќајната мрежа на градската магистрална улица (Регионален пат 1201-А) вограниците на планскиотопфат и при планирање на истиот надвор од планскиот опфат да се надоврзе и планира со профилот и елементите на сообраќајната мрежа предвидени во Измена и дополна на Генерален урбанистички планна Блок 30, северен дел од Град Струга,КО Мороишта, општина Струга.

Со оглед на тоа што Р.Сатеска не е планерски третирана и нема регулирано корито, во графичките прилози нанесен е крајбрежен појас од 50 м во согласност со Законот за води, при планирање и спроведување на урбанистичките плански документации за градбите покрај реката да се побара мислење и водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање како надлежна институција со врска со изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат на режимот на водите.


За објектите во крајбрежниот појас од 50 м ќе се применуваат одредбите дадени во посебните услови од планот се до регулирање на коритото на р.Сатеска и донесување на Одлука за регулирање на крајбрежен појас од локалната самоуправа и Решение за прифаќање на одлуката од Минстерство за животна средина и

просторно планирање при што регулираното корито ќе се вгради и почитува при планирање и спроведување на Деталните планови и плановите од пониско ниво.
При планирање на урбанистички планови од пониско ниво на планирање и урбанистички проекти да се запази условот дека при изработување на планската или проектната документација како и при нивно спорведување, за градбите кои граничат со река Сатеска, да се побара мислење од надлежна институција во однос на коритото и крајбрежниот појас.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба дасе постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19).

Предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање ипроектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот.

Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.45/20), планскиот опфат се наоѓа во заштитна IIa зона во границите на ГУП на Струга (културно наследство), поточно тој е дел од Блок 30 од ГУП на Струга (дисперзирана површина северно одГрадот Струга).


ЗОНИРАЊЕ НА UNESCO ПОДРАЧЈЕ
Охридско Езеро
ЛЕГЕНДА
I-а зона
II-в зона
II-б зона
II зона
НП Галичица
Агломерации
UNESCO Албанија
Охридско Езеро

Во опфатот нема утврдени поединечно заштитени добра и амбиентални градби.

Исто така, според одредбите во точка 9.2.1 од претходно наведениот план, планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е „формиранана деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени“ т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште“ кое е категоризирано во втора заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство.

Дадена е напомена дека предметниот простор претставува дел од природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО, и затоа при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот.

1.9. Мерки за заштита и плански одредби

1.9.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службенвесник на РМ бр 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување нарежимот на нивната заштита.
Според известувањето добиено од Управа за заштита на културното наследство, Министерство за Култутра, Скопје, бр.17-1606/2 од 28.07.2021 година, констатирано е дека во границите на планскиот опфат**не постои заштитено добро** ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство.
Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14,44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19).

Согласно добиениот допис од Управа за заштита на културното наследство, Министерство за Култутра, Скопје, бр.09-428/2 од 26.05.2023 година, предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО и истиот треба да биде усогласен со План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20).

Поради тоа, при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да севоди сметка за вклопување на објектите во амбиентот.
Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник наР.С.Македонија“ бр.45/20), планскиот опфат се наоѓа во заштитна зона вограниците на ГУП на Струга (културно наследство), поточно тој е дел од блок 30 од ГУП на Струга(дисперзирана површина северно од Градот Струга).

Во опфатот нема утврдени поединечно заштитени добра и амбиенталниградби. Исто така, според одредбите во точка 9.2.1 од претходно наведениот план, планскиот опфат спаѓа во заштитната зона која е „формирана на деловите под кота 866 m н.в., односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени“ т.е. е простор во рамки на „населби и друго градежно земјиште“ кое е категоризирано во Третата заштитна зона утврдена со границите за заштитни зони на природното наследство.

Дадена е напомена дека предметниот простор претставува дел од природно и културно наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО, и затоа припланирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопувањена објектите во амбиентот.Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбитеод член 65 од Законот за заштита накултурното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13,137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Предметниот плански опфат за „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга, претставува дел од природното и културно наследство на Охридскиот регионзаштитен од УНЕСКО.

Поради тоа, при планирањето и проектирањето треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопувањенаобјектите во амбиентот.

Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл.весник на Р.С.Македонија“ бр.45/20), планскиот опфат се наоѓа во заштитна зона во границите на ГУП на Струга (културно наследство), поточно блок 30 од ГУП на Струга (дисперзирана површина северно од Градот Струга). Во него не се наведени посебни мерки за заштита и забранети активности за просторите кои се во опфат на ГУП на Град Струга, а се лоцирани надвор од границите на утврдените заштитни зони (како што е случајот со блокот 30).

Целта на планирањето на заштитата, особено кога се работи за регион кој е светско наследство, е да се даде приоритет на зачувувањето на постојните историски градби со нивниот контекст. Новите градби се потребни за воспоставување функционален и архитектонски континуитети треба да го изразат духот на денешницата со дизајн темелен на јаснаи системска анализа на историската морфологија на постојните урбани градби и нивната функција.

Во контекст на урбаното планирање, ревитализацијата може да се користи за подобрување на општествените и економските активности наделот од културноисториското подрачје на градот, кој го изгубил своето оригинално функционално живеење. Тоа ќе се постигне со преземање активности (конзервација/реставрација) кои ќе овозможат враќање на вредностите на тоа градителското наследство и на урбаните простори кои почнале да го губат своето значење.

Користењето на ревитализираното културно наследство ќе биде во согласност со мерките на заштита, односно нема да се дозволи намена која дополнително ќе влијае на нарушување на интегритетот на наследството.

Токму затоа, целта на ревитализацијата во овие простори ќе биде воспоставување на рамнотежа меѓу заштитата и развојот.

Во опфатот нема утврдени поединечно заштитени добра иамбиентални градби. Забранети активности:

- поголем процент на изграденост од 50% во граници на ГУП;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност;

1.9.2 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и 42/20), Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16и 152/19) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на Р.Македонија“бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органитена државната управа, органите на единицитена локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со:

- Закон за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04,86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),
- Законот за пожарникарство („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13,158/14, 193/15, 39/16 и 152/19), како и:
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10),
- Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување од урнатини(„Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 100/10) и
- Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства зазаштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи,а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесницитево системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување, мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.
Органите на државната управа, органите на единиците на локалнатасамоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштитаи спасување и да спроведат меркикои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План зазаштита испасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита испасување во редовното планирање и работа.
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување.
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетскигасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност,
- При изградба на објект и инфрастурктура, согласно член 54 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р. Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи,
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините,
- Озбебедување на противпожарни пречкиИзградба на градби за заштита
- Изградба на потребната инфрастурктура.

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р. Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), се предвидуваат следните урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Засолнување
Заштита и спасување од поплави
Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва Заштита и спасување од урнатини Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошказаштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло Заштита и спасување на растенија и производи од растително потеклоАсанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот проектен опфат, како во рамките на урбанистичкото планирање, така и при изработка на основните проекти наградбите предвидени со оваа планска документација.

Урбанистичко-технички мерки за засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови. Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошкохидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќеизградените засолништа и други заштитни објекти и определувањена потребниотброј на засолнишни места со уредба ги уредува Владата. Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите. При опасност засолништето мора да се доведе во функцијаза основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето. Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени. Засолништата и другите заштитни објектиможат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништатаи другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата. Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.

Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти. Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другитезаштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

Врз основа на член 62 став 2 и член 64 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ„ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11,41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), член 7 од Уредбата за начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места и член 21 точка 43 од Статутот на општина Струга, Советот на општина Струга на седницата од 27.09.2012 година, донесе Програма за утврдување на локации за изградба на јавни засолништа и други заштитени објекти на

подрачјето на општина Струга, заведена под број 07-2926/36.

Согласно Програмата за утврдување на локации за изградба на јавни засолништа идруги заштитени објекти на подрачјето на општина Струга, Индустриска зона Мороишта се предвидува изградба на едно јавно засолниште со 50 засолнишни места.

1.9.3.Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќамерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганденкарактер.Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материисе планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирањеи изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи. Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Со писмен допис од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита испасување – Струга, добиени сенасоки, според кои во планското решение да се разработата мерки за заштита испасување од пожари. Во таа смисла, површините за градба, кои се доминантна намена Г –Производство, дистрибуција и сервиси, имаат директен пристап од сообраќајниците, при што е овозможен несметан пристап и на противпожарнивозила.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната ПП единица Струга. Пунктот на истата е лоциран на Пролетерски Бригади б.б односно оддалечен е од предметната локација на околу 5.0 километри. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува 5 минути. Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена наогноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓуградбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзодвижење напротивпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општина Струга има противпожарна едница која го опслужува овој планскиопфат
- со ПП заштита, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица задејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.

- во понатамошната разработка на објектите со Основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

При изработката на Деталниот урбанистички план почитуван е Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15,71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарството (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11 и 145/13), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМбр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правнитие лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен прегледи контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата загасење на пожарии противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на основните проекти за градбите, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари за секој објект посебно, како и на целиот комплекс и да се прибави согласност за застапеноста намерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и другиексплозивни средства како и транспорт доопределенто и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местотона пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на експлодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно пределени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедура за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

Во Р.Македонија сеуште има неексплодирани убојни средства (НУС) и истите претставуваат потенцијална опасност за населението со оглед нанивната експлозивна и убиствена моќ. Заштитата од НУС претставува комплексна мерка за заштита и заради тоа потребно е при пронаоѓање на било какво НУС да се обезбеди местото и во најбрз можен временски период да се извести Дирекцијата за заштитаи спасување,

Центарот за управување со кризи или најблиската полициска станица. Дирекцијатаза заштита и спасување има формирано тимови за заштита и спасување од НУС, кои се подготвени во најкраток можен рок даинтервенираат и да ја отстраната опасноста.

Заштита и спасување од урнатини

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 81, заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки. Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите. Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување наконструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите зарадиспречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од дополнителни превземено од опасности,извлекување на затрупаните,давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

За заштита на предметниот плански опфат од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до следната градежна линија е 6.00м, на коридорот на улиците;
- при рушење објектот ја зафаќа х/2 од површината околу себе, односноруините се во најголем дел во склоп на парцелата;
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со којасе уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен иекономски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и сопоголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила. Организацијата и спроведувањето наспасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита испасување, се уредува со Уредбата за спроведување на мерките за заштита наспасување од урнатини („Сл.весник на Р.Македонија“ 100/10 год.).

Планските решенија во Детланиот урбанистички план се изработенио врзоснова на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистичкимерки од природни катастрофиДругите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот проект.

Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќапреземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските градби, кои во производниот процес употребуваат метерии или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и матријалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошкитенесреќисе активности кои се планираат и спроведуваат со просторното иурбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба наиндустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како ипримена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи сеактивностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

На градежните парцели предмет на овој Детален урбанистички план, заради намената на градбите нема можност од појава на технички несреќи. Но, заради постигнување нацелосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина предвидени се горенаведените превентивни мерки,односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење наопаснематеријали во евентуалните технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафтаи нафтени деривати.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверскинепогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службенвесник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со коие регулирана оваа област.

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 67, заштитатаи спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците,изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите наводотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележувањена висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа.

За заштита од можни загадувања од постоечките водени канали кои поминуваат низ блокот (опфат), потребно е одржување од соодветните служби . Во предметниот плански опфат постои отворен канал со регулирановодотек. Од АД Водостопанство на РМ – Скопје е добиено Известување според кое треба треба дасе запазат Член 131, алинеа1/3/4, Член 163 и Член 16 став 1, став 6, став 7, став 8, став 11, став 12, став 13 од Законот заводи.

На планскиот опфат постои доволна ширина на појас за чистење на отворениот регулиран канал.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законска регулатива која ја регулира областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на урбанистичкиот план е следната:

- Закон за животна средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05);
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04);Закон со управување со отпадот (Сл.в. на РМ, бр.68/04);
- Закон за спречување на штетна бучава (Сл.в. на СРМ, бр.21/84);
- Закон за заШтита и спасување (Сл.в. на РМ, бр.36/04);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.4/98);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ,бр.18/99); и
- други законски и подзаконски акти.

Согласно Законот за животната средина (Сл.в. на Р.М. 53/05), и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. на Р.М. 74/05), за планирање на објекти во стопанскиот комплекс треба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5,6,7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита,
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита,
- извори на бучава и мерки за заштита.

а. **Аерозагадување и мерки на заштита**

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинотна работа, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето наживотнатасредина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со приклучок на објектите на комплексот во интерен канализационен систем и изведбата на пречистителна станица која ќе ги испушта пречистените води во реципиентот ќе дојде до намалување на загадувањето на почвата во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со цел да се сочува фондот на извориштата на вода, сите отпадни води треба до потребен степен да се прочистат во пречистителната станица.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода.

Со прочистување на отпадната вода, као и со заШтита на водата од загадување, се

решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат изворина штетна бучава. Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места заследење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

5.1 Мерки за заштита од пожар на објектите Заштитата од пожари

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен ипропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување(Сл.в.на РМ бр.36/04) кој е во согласност со директивите на Европска Унија, како и Уредбата за спроведување назаШтитата и спасувањето од пожари.

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заШтита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и вокои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесен подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од улици кои овозможуваат лесенпристап на пожарните возила до објектите.

При конципирање на сообраќајот планирано е непречено движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат непречен пристап за пожарни возила со доволна Широчина на пристапот,за да се овозможилесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од7,0 см изакосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштитана пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минималенпрофил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

5.2 Мерки за заштита од воени разурнувања

Согласно Просторниот план на Република Македонија и согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01), Законот заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05), просторот предвиден за зоната се наоѓа во регион со индиректен степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр.36/04) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се иаизградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба напотребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри. Обврската на планирање и изградба на засолништа заради заштита на населениет од воени разурнувања во станбените, стопанските, деловните, јавните и другите видови на градежни објекти е уредено со повеќе закони и подзаконски акти, и тоа: Законот за одбрана (Сл.весник на РМ,бр.42/2001), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ,бр. 36/2004 и 49/04), Законот за управување со кризи (Сл.весник на РМ,бр. 29/2005), Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ,бр.51/2005), Уредба за начинот на изградбата, одржувањето и користењето на засолништата и другите заштитни објекти и определувањето на потребниот број засолнишни места (Сл.весник на РМ,бр.80/2005), Уредба за спроведување на заштита и спасување од поплави (Сл.весник на РМ,бр.93/2005), Уредба за спроведување на засолнувањето (Сл.весник на РМ,бр.93/2005), Уредба за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл.весник на РМ,бр.105/2005), Одлука за утврдување на загрозени зони (Сл.весник на РМ,бр.105/2005), Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл.весник на РМ,бр.2/2002), Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистичките планови (Сл.весник на РМ,бр. 2/2002).

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

5. 4 Заштита од природни и технолошки непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од VIII степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и сопоголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување напросторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на

технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;

- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита испасување на човечките животи и материјалните добра од техничко- технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот; интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заШтита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки од кои во овој случај е важно второто ниво кое сеоднесува на сите мерки кои треба да обезбедатограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Потребата од замена на халогенираните јагленоводороди како разладнисредстваи пропеланти; редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци до 50% и редукција на емисија на бензен, хлорметан, духлоретан, бакар и кадмиум од 60-70%; намалување на емисијата на јагленороден-диоксид и сулфур-диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.

5.5 Плански мерки за заштита на животната средина

Во доменот на заШтитата и унапредувањето на животната средина и природните вредности и реткости, основните определби се однесуваат наизградување современа политика на просторниот развој и системот на заштитата на виталните компоненти на средината. Целокупнатаактивност во оваа област Ќе се насочува кон обезбедување непречен развој при едновремена заштита на квалитетна, и здрава средина за живеење и работа. Во планскиот концепт зацртани се следните цели:

- да се обезбедат услови за рационална експлоатација на природните ресурси и при тоа да се почитува принципот на одржливо користење;
- да се утврди начинот на сочувување на природните вредности во процесот на се поинтензивно користење на природните ресурси;
- Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на животната средината вградени се во создавањето просторно организиран концепт на градот;

Во однос на виталните елементи на животната средина сенасочуваат следните определби и мерки:

- во планскиот период е непходна интегрална контрола на загадувачите на атмосферата и донесување на соодветни програми за остранување на причините на загадување;
- постојните загадувачи да се опремат со уреди за пречистување на исфрлените гасови, да се воспостават санитарни заштитни зони и мерна мрежа за постојано следење на загаденоста на воздухот;
- да се дефинираат локации надвор од градот, каде можат да се лоцираат објекти кои го загадуваат воздухот;

- да се создадат зелени појаси во урбаните блокови, особено во содржините со домување, образование, здравство, култура, социјална заштита, спорт, туристички локалитети, работни зони, индустриски комплекси, пешачки зони и должсообраќајните коридори, со што ќе се формира систам на зелени заштитни зони кои најефикасно ќе ја исполнуваат својата заштитна функција.

- долгорочно и рационално користење на земјиштето како природен ресурс и неговата репродукција за обезбедување планирана намена на површините усогласена со битните геоморфолошки, педолошки и хидролошки карактеристики;

- заштитата на флората, фауната и биопродуктивните системи, преставува сложен комплекс кој опфаќа контрола и оцена на промените на вегетацискиот покрив и генетските ресурси.

Заштитата од бучава со интензитет над максимално дозволените граници ќе се обезбеди со:

- организација на станбените зони со оптимална густина на населеност и изграденост, внатрешна организација на просторите во зградите и становите, озеленување на слободните простори во урбаните блокови и паркинг просторите;

- планиран систем на сообраќај во рамките на кој ќе се корегира и реконсртуира уличната мрежа;

- воспоставување на режим на сообраќај неопходно потребен во фреквентните и заштитени зони во централното градско јадро.

Квалитетот на животната средина е во тесна врска со капацитетот на одделните урбани блокови, дефиниран како праг на загадување што соодветниот простор може да го прими, а да не бидат наруШени регенерационите процеси на компонентите на животната средина.

Согледувањето на функционалната организираност и меѓузависноста на намени на користење на земјиштето со спротивставени интереси (домување и индустрија, домување и сообраќај и други), инфраструктурната опременост и микроклиматските карактеристики, ќе гиопределат натамошните приоритети за санација на квалитетот на животната средина.

Основните појдовни елементи во определување на состојбата икапацитетот на животната средина во урбаните блокови се: нивната вкупна површина, бруто површина за домување, субстандардно домување, површина на јавно зеленило, површина под стопански објекти, степен на опременост со канализација и учество на фреквентни сообраќајници.

За определување на вредносен параметар што Ќе го дефинира квалитетот на животната средина на одделни територијални единици - урбани блокови, потребно е вклучување на следните параметри: стандард на популацијата изразен преку вкупниот општествен производ, изградена површина, густина на населеност, густина и популзивност на транспортната мрежа, степен на опфатеностсо комунална инфраструктураи квалитет на мрежата, застапено зеленило по видови, состојба на фондотна зеленилото и оценка на ефектите од истото, рекреативни површини - состојба, социолошко - психолошки вредности, квалитетот на воздухот и застапени мерки за заштита на животната средина.

Со оглед на тоа што недостасуваат податоците за параметрите кои се следат систематски со организиран мониторинг, анализите за квалитетот на животната средина Ќе базираат на проценки, за да сепак се направи споредба во однос на погодностите и недостатоците присутни во секој урбан блок поединечно.

Планираните анализи ќе се вршат на следните параметри: застапена густина на населеност, големина на градежните парцели за домување, висок степен на застапеност на фреквентни сообраќајници, целосно изведена канализација, услови за нарушување на квалитетот на воздухот од емисии од ветрови и сообраќајот и индустриска зона, недостиг на блоковско или јавно зеленило (квалитет и квантитет), близина на парк, присуство на

диво градби, инженерско геолоШки нестабилни терени, услови за загадување на подземните води, близина на индустриски објекти, испуштање на отпадни води и друго.

5.6 Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)

Генералниот урбанистички план за град Струга треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе сеорганизира распоред на активности иизградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитенитепростори за да сеодбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

– Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
– Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределскаразновидност восостојба на природна рамнотежа;
– Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
– Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни условиза заштита и развој на природата;
– Рационална изградба на инфраструктурата;
– Концентрација и ограничување на изградбата;
– Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата (“Службен весник на РМ”, број67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник наРепублика Македонија”број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Во Охридско-Преспанскиот регион, покрај постојните 19, со Републички акт, односно решение, заштитени објекти, предвидени (предложени) се и 25 нови простори кои според своите карактеристики и природни вредноститреба да се стават под соодветен режим на заштита.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребитена Просторниот план на Република Македонија просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план за град Струга, Општина Струга, е во непосредна близина односно на самото крајбрежје на заштитениот споменик на природата Охридско Езеро: ОХРИДСКО ЕЗЕРО СП (Споменик на природата - заштитен).

Во Охридското Езеро заради географската изолираност и поволните хидрографски услови, зачувани се и во него живеат околу 146 видови и ендемични организми. Еден дел од нив претставуваат живи фосили речиси неизменети од времето на терциер наваму - ендемскиот сунѓер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, охридската пастрмка (Salmo letnica), белвицата (Acantolingua ochridana) и други видови риби со ендемски карактер како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите. Заради ваквото богатство со природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е внесено во Списокот на светското наследство како природнодобро, а во 1980 година поради значајните културно-историски вредностиво поширокиот простор тоа е номинарано и како Охридско природно и културно - историско подрачје. Површината на езерото изнесува 23000 ha. Важи за еден од

најзначајните туристички знаменитости во Македонија и со културно историско значење од светски размери; научно-истражувачки зоолошки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности; објект со многустрана биолошка намена; биотоп на слатководна фауна и орнитофауна.

Присутни негативни појави од антропогени дејствија: диви депонии, дивоградби, насипување на делови од крајбрежјето со градежен шут. Опасност од загадување на изворите кај Св. Наум од постојната сообраќајница. Треба да се преземат ригорозни мерки за спречување на присутнате деградации. Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има меѓународен статус: III и режим на заштита: 2, 4, 5 и 7. Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз зазаштита на природата и природните богатства (International Union for Conservationof Nature andNatural Resources - IUCN).

5.7 Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1). инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и
2). обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.
3). мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори.

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворотна емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да говршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторингна квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдуање на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворитена загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот. За подобрување на квалитетот на воздухот во планскиот опфат предвидено е сите слободни површини (парковски) да се уредат.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите ворамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во планскиот опфат.

5.8 Мерки за справување со климатските промени

Предвидени се неколку мерки за справување со појавата на урбани топлотни острови како главен идентификуван проблем:

1. Поттикнување на научни истражувања за анализа на влијание на климатски промени преку:

- детална анализа на топлотни острови во општина Струга и дизајнирање мерки за ублажување на последиците од урбаните топлотниострови преку прототипирање и нивно тестирање (на пример, воведувањепрактика за ставање бели покриви, посветол асфалт итн).
- Студија за анализа на влијанието на зелени покриви/фасади/површини врзнамалувањето на потрошувачка на енергија и намалување на температурата и топлотните острови во општина Струга,
- Снимање со термална камера од авион/беспилотно летало на урбани топлотни остров,
- Развивање иновативни модели за подобрување на подготвеноста и способноста на граѓаните за одговор на катастрофите,
- Програми за подигање на свеста на заедницата за последиците одекстремните временски состојби и настани
- Детална процена на осетливост и изложеност на климатски промени на туристичките локалитети во општина Струга,
- Осмислување и реализирање активности за подигање на јавната свест за животната средина и климатските промени, анимирање на граѓаните да станат активни учесници во преземањето конкретни мерки и сл.

2. Одредување и имплементација на активности за промена на однесувањето на граѓаните и институциите како носители на позитивни промени, со цел сите заедно да се справиме со предизвиците што ги носат климатските промени:

- Развој на веб-платформа – интерактивна база на податоци засите фактишто се поврзани со урбаните топлотни острови
- Детална процена на осетливост и изложеност на климатски промени наприродно и културно наследство во општина Струга
- Зелени кровови и зелени фасади
- Зголемување на процентот на зеленилото во градежни парцели
- Континуирано преземање мерки и активности за заштита и унапредување на заштитените природни реткости
- Следење на состојбата на биодиверзитетот, влијанието одклиматските промени и негова заштита
- Евидентирање на појавите на ерозија и преземање
- Активности за нејзино намалување и спречување
- Користење на податоците од зелениот катастар за дизајнирање адекватни мерки за ублажување согласно со светските и европските трендови
- Континуирано чистење и одржување на целата постојна инфраструктура за заштита од поплави, односно нејзино враќање во првобитна состојба и долгорочно одржување
- Урбанистички планови кои водат во насока да осигурат навлегување на свежиот разладен воздух во градот
- При планирање нови или реконструкција на постојни делови, треба да се осигура постоење ефект на разладување со соодветна ориентација на објектите, улиците и отворените простори, но и со зачувување на односот меѓу висината на објектот и ширината на улицата
- Усогласување на економскиот развој со просторните можности иеколошкиот капацитет на општина Струга

Очекуваните резулати се стимулативни програми и мерки за употреба на мерки заенергетска ефикасност во резиденцијалниот и градежниот сектор. Показателот науспех на самите мерки ќе биде Изработка на Програма за поттикнување на енергетската ефикасност; Индикативно намалување на CO2 емисии (kt).

5.9 Мерки за справување со отпад

5.9.1 Мерки за справување со недостаток на база на податоци заколичините наотпад од правни субјекти и граѓани на годишно ниво

Правните и физичките лица кои се сопственици, односнокорисници на одредени инсталации што создаваат, преработуваат и отстрануват отпад се должни мониторингот на управување со отпадот да го вршат во согласност со условите утврдени во интегрираната еколошка дозвола или дозволата за работа. Податоците од мониторингот се должни да ги достават доорганот надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина-Управата за животна средина.

5.9.2 Мерки за справување со недостаток на примарна селекција наотпад на местото на генерирање од правни субјекти

- Воспоставување на заеднички систем за сепарирање на комунален отпад за објектите во соработка со ЈКП Комунална хигиена за сепарирање на комунален отпад
- Употреба на материјали кои се рециклираат, за кој постојат изводливи технички решенија за сепарирано собирање и третман
- Примарна селекција и рециклирање на отпад

5.9.3 Мерки за справување со појава на недозволено одлагањена отпад најавни површини

- Воспоставување на мониторинг и следење на состојба на општинско ниво.

5.9.4 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на основниот проект, со оглед на конфигурацијатана теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеганички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така, при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.Весник на РМ бр.32/11).

5.9.5 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки иактивности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенсии преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираатопасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците наобјектите и уредите кои се наменети за јавно снабдувањесо вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како исопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование надецата, се должни да обезбедат заштитни средстваи да ги спроведуваатстандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата,својстватаи другите карактеристики на РХБ контаминентите.

5.9. 6 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивнисредства

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Сл.весникна Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт доопределеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местотона пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства севрши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.10 Спасување од сообраќајни несреќи

Постојниот пристап до локалитетот е од улицата Бул „8-ми Септември“, планирана со Генералниот урбанистички план на Град Скопје. Во овој Детален урбанистички план има сервисни улици со кои се обезбедува сообраќаен пристап до сите градежни парцели. Стационарниот сообраќај е решен согласно Член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа насообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на Клиничка центар Скопје би изнесувал од5 до 10 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарната единица во Скопјеби изнесувал од 5 до 10мин.

5.11 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

5.12 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

Составен дел на овој Детален урбанистички план се конкретни мерки за создавање

на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува науредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа и јавен паркинг.
За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирананивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 8.33%.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м. При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да сепредвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12)

Во објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладувањена денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите ивнатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

При изработка на проекти за улична мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да гопопречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот наобезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално ивертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени,градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено – деловна намена (Службен весник на Република Македонија, број 17/15), одредбите на членовите 145 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 ,104/2022 и 99/23), како и одредбите на членовите 161-163 ичлен 178 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20).

2. Нумерички податоци

2.1 Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	**КЛАСА НА НАМЕНА**	**површина (ха)**	**изграденост (%)**
1	**Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА**		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	37,50	90,69%
2	**Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0,61	1,47%
3	**Е – ИНФРАСТРУКТУРИ**		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	1,99	4,82%
	Е1.4 – Регулационен канал	0,29	0,71%
4	Водена површина - река	0,96	2,31%
	ВКУПНО:	***41,35***	***100,00%***

2.2 Билансни показатели

Споредбени билансни показатели –документациона основа ипланирана документација

Табела со снимени намени на ниво на Блок 30 – Документациона основа

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	**КЛАСА НА НАМЕНА**	**површина (ха)**	**изграденост (%)**
1	**А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ**		
	А1 - Домување во куќи	0,47	1,13%
2	**Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**		
	Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	0,21	0,50%
3	**В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**		
	В2 - Здравствена и социјална заштита	0,17	0,41%
4	**Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА**		
	Г1 – Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади	23,07	55,77%
5	**Е – ИНФРАСТРУКТУРИ**		
	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	1,07	2,59%
	Е1.4 – Регулации - регулациски канал	0,51	1,23%
6	Водена површина - река	0,89	2,16%
7	Неизградено земјиште	14,98	36,21%
	ВКУПНО:	***41,36***	***100,00%***

Табела со снимени површини на наменски зони на ниво на Блок 30 – според Измена и дополна на ГУП на град Струга (2007-2017)

	KLASA NA NAMENA	A	B	V	G	D	VKUPNO PO KLASA	PROCENT
BLOK30	A						0,00	0,00%
	B						0,00	0,00%
	V						0,00	0,00%
	G				392595,15		392595,15	100,00%
	D						0,00	0,00%
	SOOBRAKAJ						0,00	0,00%
	REKA						0,00	0,00%
	VKUPNO	0,00	0,00	0,00	392595,15	0,00	392595,15	100,00%

Табела со планирани намени на ниво на Блок 30 – Планска документација

	КЛАСА НА НАМЕНА	А	Б	В	Г	Д	VKUPNO PO KLASA	PROCENT
БЛОК 30 – ПРЕЧИСТЕНА ВЕРЗИЈА	А						0,00	0,00%
	Б						0,00	0,00%
	В						0,00	0,00%
	Г				375016,35		375016,35	90.69%
	Д					6073,40	6073,40	1,47%
	СООБРАКАЈ						20048,15	4,82%
	РЕКА						12 500,72	3%
	ВКУПНО	0,00	0,00	0,00	392595,15	0,00	413638,63	100,00%

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
реден број	КЛАСА НА НАМЕНА	површина (ха)	изграденост (%)	површина (ха)	изграденост (%)
		документациона основа		планска документација	
1	А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ				
	А1 - Домување во куќи	0,47	1,13%	0,00	0,00%
2	Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ				
	Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради	0,21	0,50%	0,00	0,00%
3	В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ				
	В2 - Здравствена и социјална заштита	0,17	0,41%	0,00	0,00%
4	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА				
	Г1 – Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади	23,07	55,77%	37,50	90,69%
5	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ				
	Д1 – Парковско и пејсажно зеленило	0,34	0,85%	0,00	0,00%
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0,00	0,00%	0,61	1,47%
6	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ				
	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	1,07	2,59%	2,00	4,82%
	Е1.4 – Регулации - регулациски канал	0,51	1,23%	0,29	0,71%
7	Водена површина - река	0,89	2,16%	0,96	2,31%
8	Неизградено земјиште	14,63	35,36%	0,00	0,00%
	ВКУПНО:	41,36	100,00%	41,36	100,00%

Билансни показатели по блокови

Споредбени посебни одредби – нумерички показатели на Измена и дополна на ГУП на град Струга 2007-2017 и „Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга“

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ					
реден број	КЛАСА НА НАМЕНА	површина (ха)	изграденост (%)	површина (ха)	изграденост (%)
		ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (плански период 2007-2017)		ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА (плански период 2021-2031)	
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА				
	Г1 – Производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади	39,26	100,00%	37,50	90,69%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ				
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0,00	0,00%	0,61	1,47%
3	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ				
	Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0,00	0,00%	2,00	4,82%
	Е1.4 – Регулации - регулациски канал	0,00	0,00%	0,29	0,71%
4	Водена површина - река	0,00	0,00%	0,96	2,31%
	ВКУПНО:	39,26	100,00%	41,36	100,00%

Табела со површини по наменски зони на ниво на блокови во Измена и дополна на ГУП на град Струга (2007-2017)

Табела со површини по наменски зони на ниво на блокови во Измена и дополна на ГУП на град Струга (2007-2017) со внесени изменетипараметри за наменскитезони во Блок 30 од „Измена и дополна на ГУПза Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга.

КЛАСА НА НАМЕНА	А	Б	В	Г	Д	СООБРАЌАЈ	РЕКА	ВКУПНО	ПРОЦЕНТ
БЛОК 1	0,00	27.992,10	101.337,79	17.979,16	83.824,29	0,00	0,00	231.133,33	4,52%
БЛОК 2	0,00	171.607,77	0,00	17.070,61	25.587,08	0,00	0,00	214.265,46	4,19%
БЛОК 3	0,00	22.225,30	16.326,24	19.576,28	18.576,70	12.489,33	19.576,28	108.770,14	2,13%
БЛОК 4	0,00	55.961,30	17.589,93	20.992,01	153.621,46	2.684,60	0,00	250.849,31	4,91%
БЛОК 5	33.050,57	98.437,79	49.853,00	0,00	70.863,30	0,00	0,00	252.205,01	4,93%
БЛОК 6	61.963,00	0,00	10.432,00	0,00	0,00	0,00	0,00	72.395,23	1,42%
БЛОК 7	142.990,18	0,00	0,00	6.467,48	0,00	0,00	0,00	149.457,65	2,92%
БЛОК 8	187660,00	0,00	49.396,38	0,00	0,00	0,00	0,00	237.056,38	4,64%
БЛОК 9	144.901,91	6.008,57	0,00	5.429,74	8.374,71	0,00	0,00	164.714,92	3,22%
БЛОК 10	103.046,75	34.454,71	19.650,90	0,00	1.474,79	0,00	0,00	158.627,15	3,10%
БЛОК 11	121.405,28	0,00	11.763,43	0,00	0,00	0,00	0,00	133.168,70	2,60%
БЛОК 12	40.156,34	47.663,78	946,54	1.901,96	10.159,10	13.183,16	2.496,72	116.507,61	2,28%
БЛОК 13	108.789,91	19.069,08	12.275,71	521,62	0,00	6.253,69	0,00	146.910,00	2,87%
БЛОК 14	22.852,37	20.926,39	7.947,26	0,00	10.721,74	4.367,47	0,00	66.815,24	1,31%
БЛОК 15	106.236,52	10.721,57	1.366,79	1.015,19	8.066,97	0,00	0,00	127.407,04	2,49%
БЛОК 16	59.655,19	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	59.655,19	1,17%
БЛОК 17	1.316.726,70	20.151,39	17.491,43	0,00	0,00	0,00	0,00	169.369,53	3,31%
БЛОК 18	100.812,76	6.258,28	2.611,88	0,00	0,00	0,00	0,00	109.682,92	2,15%
БЛОК 19	59.330,83	0,00	32.255,02	0,00	6.156,60	0,00	0,00	97.742,46	1,91%
БЛОК 20	111.765,90	0,00	0,00	1.152,41	0,00	0,00	0,00	112.918,31	2,21%
БЛОК 21	98.106,88	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	98.106,88	1,92%
БЛОК 22	126.126,12	0,00	24.174,53	0,00	0,00	0,00	0,00	150.300,65	2,94%
БЛОК 23	91.087,77	14.932,78	5.998,20	29.574,34	0,00	0,00	0,00	141.593,09	2,77%
БЛОК 24	138.065,60	0,00	9.200,00	2.984,48	0,00	0,00	0,00	150.250,67	2,94%
БЛОК 25	157.569,71	2.035,86	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	159.569,71	3,12%
БЛОК 26	0,00	159.680,98	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	159.680,98	3,12%
БЛОК 27	0,00	1.853,39	4.528,46	0,00	63.914,92	0,00	0,00	70.296,77	1,37%
БЛОК 28	0,00	42.433,22	8.523,15	0,00	116.522,52	0,00	0,00	167.478,89	3,28%
БЛОК 30	0,00	0,00	0,00	375.016,35	6.073,40	20.048,15	12.500,72	413.638,63	7,68%
СООБРАЌАЈ	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	564.218,00	11,03%
РЕКА	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	0,00	79.197,89	79.197,89	1,55%
ВКУПНО	3.144.640,29	762.414,26	403.668,64	499.681,63	583.937,58	59.026,40	113.771,61	5.133.983,74	100,00%
ПРОЦЕНТ	61,25%	14,85%	7,86%	9,73%	11,37%	1,15%	2,22%	100,00%	

Табела со споредбени показатели на површини по граници на урбани единици - граници за детално планирање на ниво на блок 30 во Изменаи дополна на ГУП на град Струга (2007-2017) и граници за деталнопланирање во Блок 30 од „Измена и дополна на ГУП за Блок 30,северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга.

1. **Граници за детално планирање на ниво на блок 30 во Изменаи дополна на ГУП на град Струга (2007-2017)**

BLOK	POVRŠINA
30.G	71373,41
30.G	64315,38
30.G2	187017,35
30.G2	69889,02
VKUPNO	392595,15

2. **Граници за детално планирање во Блок 30 од „Измена и дополна на ГУП за Блок 30, северен дел од град Струга, КО Мороишта, општина Струга.**

НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАНИЦИ НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ			
реден број	***ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ***	***површина (ха)***	***изграденост (%)***
1	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.А**	6,18	14,95%
2	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Б**	6,14	14,84%
3	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.В**	10,46	25,29%
4	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Г**	2,92	7,05%
5	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Д**	9,55	23,08%
5	ГРАНИЦА ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ **30.Е**	6,12	14,79%
	ВКУПНО:	***41,36***	***100,00%***

ГРАНИЦА НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 30.А			
НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	КЛАСА НА НАМЕНА	површина (ха)	изграденост (%)
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	5.58	90.29%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0.06	0.97%
3	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.35	5.66%
	Е1.4 – Регулационен канал	0.01	0.33%
4	Водена површина - река	0.17	2.75%
	ВКУПНО:	6.18	100.00%

ГРАНИЦА НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 30.Б			
НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	КЛАСА НА НАМЕНА	површина (ха)	изграденост (%)
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	5.56	90.55%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0.05	0.81%
3	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.35	5.70%
	Е1.4 – Регулационен канал	0.01	0.17%
4	Водена површина - река	0.17	2.77%
	ВКУПНО:	6.14	100.00%

ГРАНИЦА НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 30.В			
НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	КЛАСА НА НАМЕНА	површина (ха)	изграденост (%)
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	9.97	95.31%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0.05	0.48%
3	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.43	4.11%
	Е1.4 – Регулационен канал	0.01	0.10%
	ВКУПНО:	10.46	100.00%

ГРАНИЦА НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 30.Г			
НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	КЛАСА НА НАМЕНА	површина (ха)	изграденост (%)
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	2.60	89.04%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0.05	1.71%
3	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.25	8.56%
	Е1.4 – Регулационен канал	0.01	0.69%
	ВКУПНО:	2.92	100.00%

ГРАНИЦА НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 30.Д			
НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	**КЛАСА НА НАМЕНА**	**површина (ха)**	**изграденост (%)**
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	7.83	81.99%
2	Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		
	Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило	0.40	4.19%
3	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.52	5.34%
	Е1.4 – Регулационен канал	0.19	1.99%
4	Водена површина - река	0.62	6.49%
	ВКУПНО:	**9.55**	**100.00%**

ГРАНИЦА НА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 30.Е			
НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ			
реден број	**КЛАСА НА НАМЕНА**	**површина (ха)**	**изграденост (%)**
1	Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА		
	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија Г3 – Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори Г4 – Стоваришта, складови и отпади Г5 - Земјоделско и сточарско производство	5.97	97.55%
2	Е – ИНФРАСТРУКТУРИ		
	Е1.1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	0.09	1.47%
	Е1.4 – Регулационен канал	0.06	0.98%
	ВКУПНО:	**6.12**	**100.00%**

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ГРАФИЧКИ ДЕЛ

„АРТИГО“ дооел Скопје,